# Македонски глас



## ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ

## ПРВО МАКЕДОНСКО УЧИЛИШТЕ ВО ЗАГРЕБ

## РАЗГОВОР СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИЛАН БАНДИЌ

## РЕЗБАРСТВОТО НА МИРКО ГАШПАРЕЦ


БРОЈ

**45**

GODINA XII. 2005
јануари - март
siječanj - ožujak
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769



# ВЕВЧАНСКИОТ КАРНЕВАЛ И ИЗВОРИТЕ

Во Вевчани, на Св. Василија, на 14 јануари секоја година се организира карневал. Карневалот има традиција 1.100 години. Главни актери во овој пагански обичај се невестата и зетот од Горното и Долното маало. На 13 јануари невестата и зетот одат од куќа до куќа и собираат пари. Парите се за фондот на друштвото "Василичари", а потоа се употребуваат за хуманитарни цели. На 14 по полноќ местните жители одат во изворите и полнат "светена вода" во бакрени котлина, а домаќинките прават кашаник, во кој се става паричка. Оној кој ќе ја добие, во текот на годината ќе има најмногу среќа.



На Риечкиот карневал и оваа 2006 година Вевчанските "ВАСИЛИЧАРИ" беа учесници на 23-тата карневалска парада. Оваа позната и призната карневалска дружина, членка во Европското здружение на карневалските градови (ЕФЦЦ-а), годинава на Риечаните им се претстави со "Војската на Александар Македонски во освојување на риечкиот карневал".

Карактеристика на вевчанскиот карневал се архаичноста и импровизацијата. Маските всушност се во помали или поголеми карневалски групи, кои со костимите, гестикулирањето и движењата обично ги исмејуваат личностите од општествениот живот. Традиционалните маски се: зетот и невестата, глупиот Август и музичарите, кои ја предводат карневалската парада. Службено на карневалот не учествуваат жени, туку тие можат да се маскираат, но на крајот на карневалот не ги симнуваат маските. Маската на "глупиот Август" обично ја носат млади луѓе, полни со енергија и страст, а неговиот танц е жесток и со публиката комуницира само со врисоци. Едноставно речено, овој карневал е сатира на секојдневието, зашто е познато дека селото на Вевчанци е село на мајтапџии, за кои животот е сон.

Но во Вевчани има и една друга атракција: изворите. Во подножјето на планината Јабланица, на 14 километри северозападно од Струга и Охридското езеро, се наоѓа една стара македонска населба со околу 2700 жители. Меѓу прекрасните стари и нови куќи, градени од прочуените мајстори, црквите, водениците кои сè уште мелат жито, на 872 м надморска висина, се наоѓа бисерот - Вевчанските извори. Имаат 30 изворишни места, со капацитет од 800 до 4500 литри вода во секунда, и поради тоа се една од најубавите туристички атракции во Македонија.

Ете, тоа се Вевчани, кои во 1993 година на таблата пред селото си напишаа: "Република Вевчани", а само пет години подоцна издадоа пасоши со карневалска виза и свои пари наречени "личници".

В. Настески

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА


Главен уредник:
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА
Редакциски одбор:
Огнен Бојациски
Јагода Цвјетичанин
Марко Паризоски
Редакција:
Марко Паризоски - Загреб
Бранка Јањиќ - Осиек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Риека
Мирјана Мајиќ - Задар
Анка Урдинова Пережа - Сплит
Компјутерска обработка: Сашко Дисоски
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.
Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
Žiro račun: 2340009-1100038804

Tel./Fax: (01) 48 72 655
www.zmurh.hr
e-mail: info@zmurh.hr

За издавачот: Славица Сагадин
Печат: НОНПАРЕЛ д.о.о. Загреб
На насловната страница: мотив од карневалот во Риека
Фотографија: В. Настески

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.



**ЗАБЕЛЕШКА:** коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Редакцијата. Редакцијата е одговорна само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.


## Збор на уредничката



Уводникот за овој број на "Македонски глас" го пишувам на православниот празник Цветници, недела пред благословениот Велигден. Пролетта само што пристигна, а со неа пристигнаа и информациите, репортажите, разговорите што ќе можете да ги прочитате во овој број на нашето гласило, а тоа се: како се остварија напорите за првото македонско училиште во Загреб; двете причини зошто градоначалникот на Загреб Милан Бандиќ ги сака Македонците; да се запознаете со македонското резбарство преку разговорот со Мирко Гашпарец; како беше на вечерите што по повод Василица се одржаа во Загреб и Пула, македонска вечер во Осиек; да прочитате дел од поезијата на Ратко Димовски и... Се надевам дека ќе уживате во посочените теми, за што со нетрпение ги очекуваме вашите забелешки, но и пофалби.

И токму поради будењето на пролетта, мој предлог е, сите ние Македонци што живееме и работиме во Хрватска да ги разбудиме во нас убавите чувства и со насмев и желба да ги подготвуваме нашите акции, кои и во овој период ќе бидат интензивни, затоа што нашите друштва се едни од најдобрите меѓу националните малцинства на овие простори, но такви треба да бидат и во иднина. Ако не за ништо друго, тогаш поради тоа што гордо го носиме името - Македонци.

Марина Апостоловска - Вујаклија

### ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА

Санела Петрова од Кочани

Во историјата на болеста која ја потпиша оториноларингологот и аудиолог, доктор Михаел Рис се вели: "Не слуша од најрана младост. До година и пол дена направени се 6 операции... Посетува редовно училиште, прво одделение. Чита од усни. Кандидат е за вградување вештачка пужница..."

Операцијата е предвидена за месец април о.г. во Клиничката болница "Сестри милосрдни" во Загреб.

МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек ја отпочна акцијата за собирање парични средства и ги повикува сите кои се во можност да помогнат, истото да го сторат со уплата на сметка:

SLAVONSKA BANKA d.d. OSIJEK
Transakcijski račun
Kunski račun:
2393000 - 1502130449
naznaka: SANELA PETROVA - HUMANITARNA AKCIJA

ИЗВИНУВАЊЕ:

Редакцијата на "Македонски глас" и се извинува на фотосекцијата на Македонското друштво "Илинден" од Сплит за замената на фотографијата на ансамблот "Танец", која, ненамерно беше направена во минатиот број.

Деспина Белчовска Велинска



# ОСТВАРЕНИ НАПОРИТЕ ЗА МАКЕДОНСКО УЧИЛИШТЕ

Во саботата на 19.11.2005 година започна со работа училиштето за негување на македонски јазик и култура во основното училиште Никола Тесла во Загреб, во населбата Пречко, на улица Матетиќева 67

***М.Г.: Госпоѓо Деспина Белчовска Велинска, најнапред кажете ни како дури сега, во 2006 година, дојде до отворањето на Училиштето на македонски јазик во Загреб, иако Заедницата на Македонците во Република Хрватска постои од 1993 година?***

**Белчовска Велинска:** Училиштето за македонски јазик започна со работа оваа година, но секако дека идејата за училиште не настанала одеднаш и постои уште од самиот почеток на формирањето на Заедницата на Македонците. Овој проект е само плод на досегашната работата на Македонците, надоградба на нивната децениска активност. Сега само се продолжи онаму каде што беше застанато.

Нашите активности започнаа со запознавањето со г. Томе Апостолски, вработен во Министерство за наука, образование и спорт на Република Хрватска и неговата желба да помогне да се оствари оваа, како што рече, петнаесетгодишна желба. Следеа состаноци со г-ѓа Јадранка Хуљев, советничка во Министерството за образование на националните малцинства и г. Мартин Оршулиќ - помошник министер.

Барањето до Министерството од страна на Македонската Православна Црква во Хрватска е поднесено на 16.12.2004 година, со наставна програма за работа од Министерство за образование и физичка култура на Р. Македонија, специјализирана за дополнителна настава на македонски јазик и национална култура за ученици од основношколска возраст на граѓани од Република Македонија, кои престојуваат надвор од татковината и список на учениците кои би ја посетувале наставата. Во текот на 2005 година се одржаа неколку состаноци во кои се разговараше и надополнуваше сето она што беше потребно за отпочнување на дополнителна настава, а потоа со родителите и децата. Се пронајде училиште, кое ќе ни биде на располагање за одвивање на наставата...

Во саботата на 19.11.2005 година започна со работа училиштето за негување на македонски јазик и култура во основното училиште "Никола Тесла" во Загреб.

***М.Г.: Кој стои зад финансирањето на ова македонско училиште во Загреб и како Македонците можат да ги пријават своите деца?***

**Белчовска Велинска:** Правото за воспитување и образование на својот јазик и писмо припадниците на националните малцинства го имаат според Уставот на Република Хрватска, Уставниот закон за правата на националните малцинства и Законот за школување и образование на јазикот и писмото на националните малцинства. Значи, македонското училиште го финансира Министерството за образование наука и спорт на Република Хрватска. Училиштето за македонски јазик е дел од Основното училиште ,,Никола Тесла", во населбата Пречко, на улица Матетичева 67. Имаме на располагање кабинет за изведување на наставата, а често пати ги

користиме и другите простории од училиштето, кои ни се потребни за успешно изведување на наставната програма. Ние сме дел од ОУ "Никола Тесла" благодарение на добрата волја, големата помош и поддршката од директорот г. Мирољуб Удиљак, како и од целиот наставен кадар, меѓу кои има уште еден Македонец, г. Благоја Штериев, кој што со својот углед меѓу колегите допринесе и нас да нè прифатат како дел од нив.

Сите заинтересирани за оваа настава, можат да се јават во училиштето на телефон 01/3881 561, мене лично на 098 9164 108 или можат да дојдат секоја сабота од 11 до 14 часот да се запознаат со учениците и со работата на училиштето. Дополнителната настава иако, пред сè, е наменета за ученици од прво до осмо одделение на припадниците на македонското национално малцинство, отворена е и за сите заинтересирани кои сакаат да го научат македонскиот јазик, а се државјани на Република Хрватска.

***М.Г.: Колку деца се запишани во оваа учебна година?***

**Белчовска Велинска:** Почнавме со осум ученици, кои редовно, секоја сабота ја посетуваат наставата. Со почетокот на второто полугодие, добивме уште тројца нови ученици. Имам најави и за нови ученици, кои чекаат нивните родители да ги приспособат своите работни и животни обврски кон времето што е потребно да го одделат за да можат да ги носат своите деца. Живееме во динамично време и не е мала жртвата на родителите и децата секоја сабота, како ден од викендот, да им биде исполнет постојано со оваа настава.



***М.Г.: Колку Вие како образован наставник сте задоволни од познавањето на учениците со македонскиот јазик, географија и историја?***

**Белчовска Велинска:** Воопшто не е важно колку децата знаат македонски јазик, историја или географија. Сепак ова е школа каде учениците имаат прилика да научат за Македонија. Можеме да зборуваме само за тоа колкав е интересот? А несомнено е дека интерес кај учениците постои.

На почетокот беше потребно учениците да ја научат македонската азбука, а сега веќе сè е полесно. Сега можеме да се посветиме на учење конкретни работи од историјата на Македонија и македонскиот народ, за географијата на Македонија, за музичката и ликовната култура, туризмот и поврзаноста на Македонија со светот.

Јас лично би била најсреќна ако учениците, покрај тоа што ќе го научат за Македонија, станат свесни за нејзиното културно богатство, значење... еден ден, ќе им послужи во животот на било кој начин. Сепак, на пат сме кон Европа, границите се отвораат, па познавањето на македонскиот јазик може да им биде само од корист на децата кои ја посетуваат оваа настава.

***М.Г.: Дали имате некои ученици кои посебно би ги издвоиле со нивното знаење?***

**Белчовска Велинска:** Сите ученици би ги ставила на првото место, затоа што децата, секое на свој начин, го заслужуваат тоа. Но, сепак не можам да не ја издвојам Ивана и нејзиното одлично познавање на македонскиот јазик, напредното познавање и учење на Доротеа, Сара, Кристијан, Иван, Сики. А посебно би ги издвоила Кристијан, Дарио, Мирна, Ивона, Вања, кои вложуваат многу труд и покажуваат голем интерес за учење на македонскиот јазик.

***М.Г.:Што уште Ви е потребно за нормално функционирање на ова македонско училиште во Загреб?***

**Белчовска Велинска:** Нормално дека секој почеток е тежок, но... Училиштето функционира нормално. За жал, не постојат специјализирани учебници за учење на македонскиот јазик како дополнителна настава. Со подготвување на наставни ливчиња, кои се во согласност со програмата, работиме и функционираме.

Очекуваме помош од книги или било какви наставни средства и помагала од Министерството за образование на Р. Македонија, што ќе се оствари, се надевам, преку амбасадата на РМ, затоа што официјално од Министерството за образование на Република Хрватска е испратен службен допис до македонската Амбасада, со кој ја известуваат за одобрувањето и отпочнувањето на македонското училиште. Значи, Амбасадата службено е известена, постои желба да ни помогнат, да се остварат контакти со македонското министерство.

***М.Г.: И на крајот едно приватно прашање: Вие сте сопруга на македонскиот свештеник во Загреб, отец Кирко Велински. Колку тој Ви помага во вашата работа, а колку Вие му помагате нему во неговата работа во Македонската Православна Црква во РХ?***

**Белчовска Велинска:** Имам голема помош и поддршка, што е и природно, нели? Најважно ми е што ја имам моралната поддршка. А колку јас му помагам на сопругот? Со оглед на професијата што ја има, која од него бара одговорност и сериозност, помагам во рамките на моите можности, а таму каде што е потребна мојата помош, безрезервно ја давам, како што може да дава една Македонка за својата Македонска Православна Црква.

Марина Апостоловска - Вујаклија
Фотографии: С. Д.

Заедница на Македонците во Р. Хрватска

# ОДРЖАНО ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ

Загреб: Редовната годишна седница на Собранието на заедницата на Македонците во Република Хрватска се одржа на 25 март 2006 година во салата на Центарот за човекови права во Загреб. На седницата присуствуваа претставници, односно делегирани делегати од сите македонски културни друштва во РХ. Од името на Амбасадата на РМ во РХ присуствуваше министерот-советник, г. Стојан Руменовски. На почетокот, со една минута молчење оддадена им е почит на сите починати членови на Заедницата меѓу двете собранија.

Претседателката на Заедницата на Македонците, г-ѓа Славица Сагадин, ги поздрави сите присутни и во кусото обраќање нагласи:




"Оваа година се навршуваат 15 години од формирањето на Заедницата и нејзината примарна задача во негувањето и претставувањето на македонскиот идентитет и културата воопшто. Најзаслужен субјект за нашата опстојност е Советот за национални малцинства при Владата на Република Хрватска, чија финансиска поддршка ни овозможи успешна реализација на предвидените програми. Воедно, упатувам благодарност и за добиената поддршка од Амбасадата на РМ во РХ, Македонската Православна Црква во РХ, од повеќето институции во РХ и од нашата матична држава - Република Македонија.

На патот кон остварувањето и унапредувањето на своите цели и задачи, Заедницата од своето формирање па сè до денес имаше добри резултати, но и тенденциозни проблеми од страна на поединци и групи. Меѓутоа, Заедницата е подготвена одлучно и цврсто да се спротивстави и најостро ќе ги осуди таквите постапки. Со зголемувањето на финансиските средства од страна на Советот, се создаваат поцврсти темели за работата на Заедницата во иднина, преку програмите за образование и издаваштво, концертните изведби, уметничките изложби и другите културни манифестации кои ќе го приближат македонското културно и историско богатство до сите луѓе."

Министерот - советник, г. Стојан Руменовски, се заблагодари за поканата, ги поздрави присутните, ги пренесе поздравите од амбасадорот Махи Несими, а потоа истакна:

"Пред две години при Министерството за надворешни работи на Македонија оформен е Сектор за иселеништво, кој направи сериозен чекор за приклучување на Македонија кон Европската Унија. Задачата на нашата Амбасада е да воспостави што потесна соработка со РХ. Секторот за иселеништво заедно со Министерствата за образование и култура најавува успеси со тоа што Р. Македонија одвои посебен буџет за работата на нашите иселеници во странство. Нашата ангажираност е со цел да се сочува македонската култура, националниот идентитет и обичаите."

Работниот дел на седницата почна со утврдување на кворумот, а според присутноста на 24 делегати од пет друштва, беше утврдено дека донесените одлуки ќе бидат полноважни.

Со првата точка на дневниот ред се усвои одлуката на Управниот одбор, кој според Статутот на Заедницата го исклучи МКД "Крсте Мисирков" од Загреб, поради



големи неправилности и попречување на работата на Заедницата. Исто така, усвоено е и разрешувањето на делегатите во Собранието на Заедницата од истото Друштво. Собранието го усвои и приемот на новооснованото МКД "Охридски бисер" од Загреб во членство на Заедницата. При тоа го усвои и предлогот 5 именувани членови од истото Друштво бидат делегати во ова највисоко тело на Заедницата.

Втората точка, која се однесуваше на донесување на новиот Статут на Заедницата, отвори многу прашања и предлози. Целта на донесувањето на новиот Статут беше стариот Статут со промени и дополненија да се усогласи со важечките закони за здруженијата и со Уставниот закон за правата на националните малцинства. На новиот текст делегатите имаа подготвено повеќе амандмани, и, по долга расправа и објасненија, прифатени се повеќето од нив и вградени во текстот на Статутот. Со тие амандмани, Собранието едногласно го усвои новиот Статут на Заедницата.

За усвојување на "Извештајот за работата на Заедницата" најнапред следуваше објаснението дека

АКТУЕЛНОСТИ

овој извештај се однесува за програмите и манифестациите кои се остварени од страна на Заедницата и за оние програми кои се во соработка со некое Друштво, а финансирани се од Советот. Извештајот е усвоен едногласно.

Пред делегатите е предложено и усвојувањето на "Извештајот за остварената програма и потрошените средства на Заедницата" во 2005 година, па беше нагласено дека тоа се средства од Советот наменети за издаваштво и информирање. По одредена методологија се прикажани сите трошоци за таа дејност, па извештајот беше усвоен.

Членовите на Надзорниот одбор (без третиот член) извршија контрола на финансиското работење на Заедницата за 2005 година и за првите два месеца во 2006 година. Нагласено е дека документациите се примерно водени во согласност со законските прописи и дека финансиските извештаи се благовремено доставени до надлежните институции, така што и овој извештај беше едногласно изгласан.

Во следните точки на дневниот ред се донесени одлуки за разрешувања и именувања на нови членови на управните тела на Заедницата:

- Марјан Гиговски се разрешува од потпретседател на Заедницата, а се именува Никола Гроздановски;

- Марјан Гиговски и Тања Јовановска се разрешуваат од членови на Управниот одбор на Заедницата, а се именуваат Мирјана Мајиќ и Марин Гавровски;

- Данчо Арсов се разрешува од член на Надзорниот одбор на Заедницата, а се именува Марија Бан.

Претседателката Славица Сагадин упати благодарност кон неколку институции и одделни членови на Заедницата и им се заблагодари за сето она што го направиле во овој период.

Илија Христодулов упати благодарност кон сите Македонски православни црковни општини во РХ со чија помош е устоличена Македонската Православна Црква во Република Хрватска на чело со свештеникот, отецот Кирко Велински.

Олга Ангеловска даде информација дека наскоро во издание на "Завичајна наклада Жакан Јури" од Пула излегуваат од печат две мошне важни книги: "Македонско-хрватски и хрватско-македонски речник" од авторите д-р Борислав Павловски и д-р Драги Стефанија, и "La Macedonia racconta / favole e magia", ("Македонија раскажува / приказни и магии") од Ѓакомо Скоти (Giacomo Scotti) на италијански јазик. И двете книги претставуваат голем културен настан за Македонците и македонската култура во Република Хрватска, но и за македонската култура воопшто.

По успешната работа на седницата на Собранието на Заедницата на Македонците во РХ, беше подготвена скромна закуска.

Марко Паризоски

# СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА

Загреб: Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ својата 7. седница ја одржа на 4 февруари 2006, во проширен состав со членовите на редакцијата на списанието "Македонски глас".

На оваа седница, како гости беа присутни амбасадорот г. Махи Несими и г.Стојан Руменовски, министер - советник во Амбасадата на РМ во РХ.

Првата точка на дневниот ред се однесуваше за тековните и идните задачи во уредувањето и излегувањето на списанието "Македонски глас". Бидејќи се забележани одделни пропусти во уредувањето на последните два броја, главната уредничка, г-ѓа Марина Апостоловска - Вујаклија, даде неколку предлози со кои видно ќе се унапреди квалитетот на нашето спосание:

- задолжителен е договор со главниот и одговорен уредник за дозвола за објавување на секој материјал, бидејќи до сега немаше тесна соработка помеѓу главниот уредник и дописниците од македонските друштва;

- поради произлезените недоразбирања и проблемите на редакцијата и редакциски одбор на списанието "Македонски глас", донесена е одлука да се именува редакциски одбор во состав: Јагода Цветичанин, Огнен Бојаџиски и Марко Паризоски. Задача на овој одбор е во согласност со главниот уредник да ги прегледа и прифати или одбие (во согласност со гласовите) текстовите за објавување во списанието,

- за членови на редакцијата на списанието именувани се досегашните дописници од македонските друштва, а за МКД "Охридски бисер" од Загреб именуван е Марко Паризоски,

- почнувајќи од бр. 45 на "Македонски глас", хонорирани ќе бидат само текстовите на дописниците кои пишуваат за работата и активностите на македонските друштва во РХ и за Заедницата.

Беа анализирани и извештаите за активностите на Друштвата, што беа доставени во писмена форма до Управниот одбор. Усвоен е предлогот анализите за активностите на Друштвата да се формираат во вид на кус информатор за работата на Заедницата и така обединетиот материјал да се достави до сите Друштва и до Амбасадата.

Годишниот Извештај за работата на Заедницата и на нејзините Друштва во 2005 година доставен е до Советот за националните малцинства на РХ.

Претседателката Славица Сагадин ги запозна членовите на УО со одлуките кои се донесени на консултативниот состанок во Советот за национални малцинства, а во врска со финансирањето на програмите во 2006 година. При Советот е оформена комисија која, според утврдените критериуми, ќе донесува одлуки за финансирање на програмите на невладините и здруженијата на националните малцинства. Се очекува 10% зголемување на вкупните овогодишни средства на Советот.

На седницата се разгледани и предложените измени и дополненија на Статутот на Заедницата. Донесена е и одлука конечниот текст на новиот Статут да се проследи до сите Друштва на усвојување, а потоа до Поглаварството на Град Загреб на проверка, пред неговото усвојување на Собранието на Заедницата.

Донесена е одлука седницата на редовното годишно Собрание на Заедницата да се одржи на 25 март 2006 година, во просториите на Хрватското новинарско друштво.

Амбасадорот Махи Несими се заблагодари на поканата за присуство на седницата и побара да се унапреди соработката на Заедницата со Амбасадата, која треба да биде известена за активностите и одржувањето на сите манифестации, особено на Друштвата од другите градови, за таа да може да ги промовира во Македонија. При тоа, тој информираше дека Амбасадата на РМ во РХ е преселена во нови простории на ул. Звонимирова бр. 6.

М. Паризоски

# МАКЕДОНСКИ ПЕЧАТНИЦИ И ПЕЧАТАРИ ВО 19. ВЕК

Задар: Во рамките на литературната вечер, МКД "Биљана" одржи второ по ред предавање - трибина на тема "Македонски печатници и печатари во 19. век". Предавањето го одржа проф. Августина Гулеска - Хајдиќ, која во согласност со Управниот одбор на Друштвото, одбра односно предложи дваесеттина теми во врска со македонскиот јазик што се обработуваат една по една. Предавањето беше многу успешно и интересно, затоа што некои податоци од ова предавање не се толку познати на пошироката јавност, при што имавме прилика да дознаеме каде се отворени првите печатници и кои биле печатари во 19. век.

М.М.

# Дипломска работа „Македонската и хрватската драма во деведесеттите"

Задар: По покана на проф. Гулеска-Хајдиќ, неколку членки од МКД „Биљана" беа на одбраната на дипломската работа „Македонската и хрватската драма во деведесеттите" на Филозофскиот факултет во Задар. Дипломската работа ја бранеше студентката Ана Годо. Со големи комплименти можам да кажам дека оваа студентка, што доби петка за својата дипломска работа, ме изненади многу позитивно.

На крајот од одбраната ѝ честитивме и ѝ посакавме многу успех во животот со еден скромен букет цвеќе. Факултетската сала ја напуштивме исполнети со едно чудно задоволство и со знаење дека има млади кои не се Македонци, а сепак успешно го учат нашиот јазик.

М. М.

# УСПЕШНА СОРАБОТКА СО ОСЦЕ - ЗАДАР

Задар: Во организација на ОСЦЕ Задар, одржани се многубројни состаноци и три работилници, а првата е одржана во мултимедијалната сала на Градската библиотека. Тема на оваа работилница беше „Однос медија и мањина у пракси".

Ова работилница всушност беше наменета за претставници на националните малцинства и совети. Нејзини предавачи беа проф. Стјепан Маловиќ и проф. Гордана Виловиќ, предавачи на Факултетот на политички науки од Загреб, а присутни беа претставници од сите малцинства на Задарската жупанија, како и новинари од ХРТ - Студио Задар, "Задарски лист" и Радио 057. Целодневното предавање, односно работилница, беше како што самиот наслов упатува - подобар однос и пристап во врска со медиумите. На крајот е укажано на грешките во комуникацијата со медиумите.

Втората и третата работилница беа во просториите на ОСЦЕ Задар, исто така со целодневно предавање. Тема на овие работилници беше менаџмент - „Од идеје до пројекта". Предавачи на овие работилници беа Лидија Павиќ - Рогошиќ, директорка на „Одрази" и Гордана Радониќ, вработена во невладини организации.

Два дена работевме и ги слушавме предавањата, а научивме нешто ново и го потврдивме она што го знаеме.

На 14 декември беше повикана претседателката на МКД „Биљана" на свечена седница и разговор во просториите на ОСЦЕ. Повод на ова беше 30-годишнината од постоењето на истата и сумирање на резултатите на крај на годината. На овој свечен чин, освен претставници на малцинствата, беа присутни и претставници од градот, полицијата и многу други организации од Задарската жупанија.

М. М.

# УПРАВЕН ОДБОР НА "ОХРИДСКИ БИСЕР"

Загреб: Управниот одбор на МКД "Охридски бисер" на својата редовна седница ја прифати неотповикливата оставка, од приватни причини, на Даниела Стилин на местото секретарка и благајничка. Воедно, таа се обврза во меѓувреме да ги води тековните административни работи. За нова секретарка и благајничка на МКД "Охридски бисер" беше именува Љубица Велагиќ.

# СЕМИНАР ВО ХОТЕЛОТ "ДУБРОВНИК"

Загреб: На 17 и 18 март годинава, во загрепскиот хотел "Дубровник", во организација на Владата на Р. Хрватска и Советот за национални малцинства на РХ, се одржа "Семинар за унапредување на работата на советите и претставниците на националните малцинства во РХ". Со него претседаваше г-ѓа Милена Клајнер, раководителка на Уредот за национални малцинства при Владата на РХ, а говореа г. Александар Толнауер, д-р



Фурио Радин, д-р Мирослав Пуповац, г. Џорџ Фуентес Монзонис Вилалонга, г-ѓа Јадранка Косор, д-р Синиша Таталовиќ и д-р Стјепан Маловиќ.

Исто така, беа одржани и неколку работилници, кои наидоа на голем интерес меѓу присутните на Семинарот.

Македонското национално малцинство тие два дена го претставуваа г-ѓа Славица Сагадин, претседателка на Заедницата на Македонците во РХ и Атанас Оџаклиески, претседател на Советот на македонското национално малцинство на град Загреб.

М.А.В.

# ПРЕТСТАВЕН "СПЕКТРУМ"

Загреб: На 26 јануари 2006 година, во Еврејската општина во Загреб претставен е "СПЕКТРУМ", македонско - хрватско здружение за унапредување на културните вредности и врски. Формирано е во ноември 2005 год., а негови членови на Управниот одбор се: Бојан Стилин - претседател, Катарина Каракаш-Спироски - потпретседател, Славица Коретиќ - секретар и Даниела Стилин, Давор Спироски и Александра Николоска, членови. Тоа е група на млади ентузијасти, кои, анализирајќи ја културната размена помеѓу Македонија и Хрватска утврдиле дека постои потреба за поинаков модел на културно поврзување.

На презентацијата, претседателот Бојан Стилин им посака добредојде на гостите, а потоа истакна:



"Osnovni cilj okupljanja je predstaviti skupinu nadasve skromnih mladih ljudi, koji traže svoje mjesto na plodnoj i dinamičnoj sceni udruga za promicanje kulture i suradnje na širim prostorima. U proteklih petnaestak godina, kao posljedica svima nam znanih događaja, kontakt između Makedonaca i Hrvata bio je reduciran na minimum, a ovakvim stanjem posebno su bili pogođeni mladi - pripadnici uzrasta koji se osjećaju aktivnima, te spremnima da situaciju promijene koristeći svoja znanja, kontakte i iskustva. Zahvaljujući sposobnostima pojedinačnih kulturnih promotora u objema zemljama, koji organiziraju kulturne nastupe i uz poznate prijateljske odnose, mišljenja smo da kulturna razmjena mora biti dinamičnija, kvalitetnija i pristupačnija krajnjem korisniku. Okupljeni oko ove ideje utemeljili smo "Spectrum" - udrugu namijenjenu prvenstveno promicanju kulturne suradnje naših dvaju naroda. Financiranje udruge bit će, prije svega, iz namjenskih fondova međunarodnih institucija za financiranje kulturnih projekata, a u dugoročnom planu je i osnivanje zaklade za financiranje kulturnih projekata pripadnika dijaspore dvaju naroda. Udruga je otvorena za prijam članova, ali i za suradnju sa svim srodnim institucijama u zemlji i inozemstvu."

Во културниот дел на програмата учествуваше познатата музичка група "Афион" од Загреб, со вокалната солистка Лидија Докузовиќ, која ги развесели гостите со етномузиката на македонскиот народен мелос."

М. Паризоски

# ПО ЧЕТВРТИ ПАТ ОДРЖАНО СЕМАКЕДОНСКО ЧЕСТВУВАЊЕ ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Прилеп: По повод чествувањето на 134. годишнина од раѓањето на великанот Гоце Делчев, на 4 и 5 февруари годинава во Прилеп, Р. Македонија, а во организација на Граѓанската иницијатива за национално, културно и духовно обединување на Македонците, се одржа Четвртото семакедонско чествување.

На него беа повикани претставници на Македонците од соседните држави и од дијаспората, а беа поканети и претствници на Македонците од Албанија, Бугарија, Грција, СиЦГ, Хрватска (Риека), Канада и Турција. Хрватска ја претставуваше г-ѓа Марија Бан, во името на Советот на македонското национално малцинство и МКД "Илинден" од Риека. Исто така, поканети беа претставници на сите позначајни политички партии, како и локални претставници на власта.

Основната цел на оваа активност е да се посочи на состојбата и на правата на Македонците од дијаспората, но и моменталните чекори што ги преземаат одредени институции од власта во Македонија во врска со нерешените проблеми околу признавањето на името на Македонија, како и признавањето на правата на Македонците, особено кај соседните земји.

Дводневниот собир во програмскиот дел, покрај полагањето цвеќе на гробот на Гоце Делчев во Скопје и на бистата во основното училиште "Гоце Делчев" во Прилеп, почна во Народниот театар "Војдан Чрнодрински" во Прилеп со рефератот на проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев "Животот и делата на Гоце Делчев" и со кусите излагања на претстваниците од соседните држави на Македонија и од дијаспората.

Работниот дел на собирот продолжи и следниот ден, па учесниците имаа можност да ги изнесат своите проблеми, борбите за нерешените животни прашања, за опстојноста на просторот каде живеат и работат Македонците. Но, голем дел од излагањата беа насочени кон предложената резулуција за која многумина имаа забелешки, но и предлози за дополнување. Мнозинството предложи да бидат донесени два документа: еден



од Македонците во Македонија упатен кон Владата на Република Македонија и еден документ потпишан од претставниците на организациите на Македонците од името на сите Македонци како етникум, кој ќе биде пратен до меѓународните иститутиции.

Интересно беше посочувањето на многубројните проблеми и предлози од учесниците, кои бараат:

Исмаил Бојда, претседател на Сојузот на Македонците со исламска религија, рече дека УМНИК на Косово им ги оствари националните права на Горанците, кои се нераскидлив дел од македонскиот народ.

Христос Сидепопулос, од Движење на Македонците во Грција, бара од Грција малцинствата да не бидат жртви на директни или индиректни дискриминации, а чести се и протерувања и кршење на слободата на изразување и здружување, како и на верските слободи на државјаните на Грција кои се припадници на македонското малцинство.

Стојко Стојков, од ОМО Пирин, Р. Бугарија, посочи дека Бугарија треба да ја признае македонската нација, јазикот и културата, да го признае македонското малцинство во своите граници, да ги регистрира македонските партии, да ги проведува правата на македонското малцинство зацртани во Конвенцијата на националните малцинства од ЕУ, да го признае името "Македонец" и да ја запре пропагандата против македонските активисти преку дискредитирањето на Македонците во медиумите. Посебно бара да се признаат македонските муслимани на Балканот - ПОМАЦИТЕ во Пиринска Македонија и во цела Бугарија.

Драги Стојков, од Обединетите Македонци од Канада, побара иселеништвото да има право на македонско државјанство, без разлика каде се родени, да бидат вклучени во пописите, да не се гледа на нив патерналистички и да имаат право на гласање во местото на живеење.

Кимет Фатаку, претседател на друштвото "Мир" од Голо Брдо, Албанија, говореше за регистарацијата на првоформираната македонска партија "Македонска алијанса за европска интеграција" и пофално се изрази кон албанските власти. Со тоа се отворија можности за уште подобро организационо поврзување на трите подрачја каде што живееат Македонците во Албанија (Голо Брдо, Преспа и Гора).

Ѓеорги Донески, од "НЕЗАБОРАВ" - БИТОЛА , предложи во резулуцијата да се внесе барање до Владите на Република Македонија, Грција и Европската Унија, Грција да им го врати државјанството на сите протерани граѓани од Грција во периодот од 1946 до1949 година по порекло Македонци и да им се дозволи репатријација и посета на родните огништа.

Марија Бан, од МКД "Илинден", Риека, во своето излагање зборуваше за Македонците во Република Хрвтска, за правата, животот, организираноста, политичките дејности преку Советите, за финансирањето на македонските здруженија, кои ги финанцира Владата на Република Хрватска. Ова нејзино излагање кај многумина побуди интерес за вистинско и целосно решените малцински прашања во Хрватска.

Сепак, до крајот на средбата Резулуцијата не е донесена, а организаторите заклучија незавршената работа да се финализира преку форумот на интернет.

В. Настески

# КАЛИОПИ ВО СПЛИТ

Сплит: Македонската легенда во забавната музика, Калиопи, допатува во Сплит на 11 февруари годинава, во придружба на својот сопруг, актерот Васил Зафирчев, менаџерката Лоти Андоска, кларинетистот и саксафонистот Стојан Димов и лутнистот Един Карамазов. Настапот во Сплит беше договорен преку културниот аташе Мирко Краљев од ХНК во Сплит, во контат и со Македонскиот културен центар.

На 13 февруари се одржа прес-конференција, која беше проследена од повеќе информативни средства. По искажаните благодарности и врачените поздрави, Калиопи даде пресек на својата триесетгодишна кариера, од незиниот прв настап како деветогодишно девојче на познатиот македонски детски фестивал "Златното славејче".

Концертот мина пред преполна сала гледачи и ги воодушеви сите оние што дојдоа да ја слушаат и гледаат Калиопи.



# ДЕН НА УЧИЛИШТЕТО

Пула: Тоа беше големата парола, која во саботата на 18 март 2006 година со своите црвени букви претставуваше виден и впечатлив декор на бината во големата сала на Класичната гимназија во Пазин, во која се одржа пригодната програма. Пред учениците, наставниците и професорите, бројните родители, гостите и учесниците во програмата, се одвиваше програмата која ја отвори Големиот хор на Пазин, претставувајќи ни се со својата мадригалска изведба на неколку познати песни.

Во оваа гимназија, МКД "Кочо Рацин" од Пула е познат и ценет учесник во програмите. Со своите настапи започна пред две години, на 50-годишниот јубилеј на Пазинскиот колегиум, училиште кое било насочено на духовен план, со образование на свештеници и духовно определени и подготвени "лаици". Традициите на тоа училиште ги продолжува Класичната гимназија во Пазин, внимавајќи при спроведување на некои стари норми од тогашното време.

"Кочо Рацин" настапи со вокалната група " Ленка", инструменталниот состав "Македонски чалгии", фолклорната група "Мугри" и детскиот состав "Ѕвездички".

Во својот настап, инструменталниот состав "Ленка" понуди една од своите подобри изведби и беше наградена со громогласен аплауз. По настапот, по веќе вообичаениот обичај на гостопримство, следеше закуска и дружење.

Р. Димовски

# ИЗЛОЖБА НА РАКОТВОРБИ

Задар: По повод празникот 8 Март во „Арсенал", традиционално МКД „БИЉАНА" се претстави пред своите сограѓани во Задар со изложбата насловена „Македон-



ско – далматински ракотворби и сувенири". Зошто овој наслов? Затоа што на неа членките на ова друштво го прикажаа чеизот што го донеле од Македонија, па така беа претставени делови од стара шопска носија, грнчарски работи, ткаени ќилими, скутелиња и многу други препознатливи македонски ракотворби.

Како гостинка на изложбата беше поканета Анка Рабузин од Загреб, која од сегашната работа прикажа прекрасен дел на посебна техника - „рачно ткаење". Така еден дел на ѕидот беше покриен со нејзините уметнини, како и предмети што ги работела нејзината мајка. На манифестацијата со свои ракотворби учествуваа и членови на Здружението за личности со посебни потреби во развојот „Свијетло" од Задар, со кое „Билјана" има континуирана соработка.

Изложбата ја отвори министерот-советник на амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, Стојан Руменовски и со пригодни зборови им се обрати на многубројните гости. Присутните ги поздрави и заменикот на жупанот на Задарската жупанија, Стипе Зрилиќ. Како гости на изложбата присуствуваа и Рената Херман, водителка на мисијата ОСЦЕ за Задарска жупанија, професорот Винко Иванишевиќ, претставник од градот и многу други, како и Серџо Милиќ – претседател на Диабетското здружение Задар, кој донесе мимози и им ги подари на сите присутни жени.

Потоа, со куса програма се претстави МКД „БИЉАНА", а настапија и три ученици по кларинет, под водство на професорот Божидар Лукин од музичкото училиште „Благое Берса". Вообичаено е на секоја манифестација на „Билјана" да се даде благодарност на градот во кој живееме со една нова песна. Овојпат, тоа беше - „Го сакам овој град" на Мирјана Мајиќ, која на хрватски јазик ја прочита Еми Лонгин, а на македонски Марија Јовановска.

М. Мајиќ

Sovet za nacionalni malcinstva pri Vladata na R. Hrvatska

# КОЛКУ ПАРИ ДОБИ ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ?



АКТУЕЛНОСТИ

Na temelju Ustavnog zakona o pravima nacionalnih manjina (N.N. br. 155/ 2002.), članka 35. stavka 4. i članka 36., stavka 11., Savjet za nacionalne manjine na sjednici održanoj
22. veljače 2006. godine donio je

O D L U K U

o rasporedu sredstava osiguranih u Državnom proračunu Republike Hrvatske za 2006. godinu (N.N. br. 148/2005) u Razdjelu 020 Vlada Republike Hrvatske, Glavi 21 Aktivnost: 3811: Tekuće donacije u novcu

I.

Sredstva osigurana u Državnom proračunu Republike Hrvatske za 2006. godinu (N.N. 148./2005.) u Razdjelu 020 Vlada Republike Hrvatske Glavi 21 Aktivnost: 3811: Tekuće donacije u novcu, u iznosu od 29.700.000,00 kuna rasporeduju se kako slijedi:

III. MAKEDONCI

1. ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ, ZAGREB 575.000

1. Informiranje 110.000
1.1. "Makedonski glas"

4-6 brojeva, 44 stranica, format, A4 naklada 1000 pr. 90.000

Režijski troškovi 20.000

2. Izdavaštvo 88.000

2.1. "Makedonci u Hrvatskoj", autor Ognen Bojadžiski naklada 700, 5 araka, format 145x210 30.000

2.2. "Suze pune osmijeha", autor Elizabeta Petrovska naklada 500-800, str.100, format B5 20.000

2.3. Makedonistika na zagrebačkom Filozofskom fakultetu Autor Borislav Pavlovski, naklada 600 primjeraka, format 17x24 25.000

2.4. Monografija "15. godina MKD Makedonija", autor Vladimir Apostolski Naklada 1000 primjeraka, format A4 13.000

3. Kulturni amaterizam 220.000

3.1. KD "Braća Miladinovci" Osijek 45.000

- XII. Dani makedonske kulture u Osijeku 10.000
- III Makedonska večer 10.000
- Folklorna skupina Tanec A i C grupa 15.000
- Glazbena sekcija 10.000

3.2. MKD "Ilinden" Rijeka 45.000

- Centralna proslava Ilindena u park šumi Golubinjak općine Lokve 15.000
- Folklorna skupina 15.000
- Makedonska kulturno-zabavna večer 5.000
- Pjevačka sekcija Ilinden 10.000

3.3 MKD "Kočo Racin" Pula 55.000

- Glazbena grupa "Istarski čalgii" 15.000

- Pjevačka grupa "Lenka" 7.000

- Dani makedonske kulture 10.000
- Dječja skupina "Zvezdički" 6.000

- "Makedonska noć" 5.000

- Folklorna skupina "Mugri" 12.000

3.4. MKD "Makedonija" Split 20.000

- Izložbe 10.000
- Proslava makedonskog blagdana "Ilinden" 10.000

3.5. MKD "Biljana" Zadar 35.000

- Dani makedonske kulture u Zadru 15.000
- I. izložba rukotvorina makedonskih i dalmatinskih motiva 2.000
- Promocija knjige "Krleža i Makedonija" 5.000
- Tribina o makedonskom jeziku i kulturi 10.000
- Glazbeno - poetska večer 3.000

3.6. MKD "Ohridski biser" Zagreb 20.000

- Makedonska večer, glazbena večer 5.000
- Dani makedonske kulture 15.000

4. Kulturne manifestacije 157.000

- Ilinden 1903. - 2006. 50.000
- Dani Braće Miladinov 10.000
- Obilježavanje dana izdavanja zbirke K. Racina u Samoboru 15.000
- Izložba, slikarstvo Makedonaca u Hrvatskoj 10.000

Režijski troškovi 72.000

Македонска вечер во Загреб

# СО ПЕСНИ И ОРА ДО УТРИНСКИТЕ ЧАСОВИ



Повеќе од триста Македонци и нивни загрепски пријатели, на 14 јануари оваа година се собраа да ја прослават традиционалната "Македонска вечер". Организатор на оваа голема културна манифестација, која се одржа во ресторанот "Глобус", беше новоформираното Македонско културно друштво "Охридски бисер" од Загреб, што истовремено беше и негов прв испит на почетокот на нивната културна дејност меѓу загрепските Македонци. Програмата е остварена под покровителство на Советот за националните малцинства при Владата на Република Хрватска и бројни спонзорски донации.

На прославата беа присутни ценетите почесни гости: Александар Толнауер - претседател на Советот за национални малцинства на РХ, Милан Бандиќ - градоначелник на Загреб, д-р Славко Лебан - помошник на министерката за надворешни работи, д-р Шемсо Танковиќ - пратеник во Хрватскиот сабор за националните малцинства, Славица Сагадин - претседателка на Заедницата и член на Советот за национални малцинства, Анастас Оџаклиески - претседател на Советот на македонското национално малцинство на град Загреб и Слободан Узелац - државен секретар во Министерството за наука, образование и спорт.

Атмосферата со вистинска македонска музика ја дополнија ансамблот "Штипски мераклии", под раководство на Панче Мусев и младата солистка Јасминка Мукаетова, која неколку години по ред ги освојува сите награди на музичките фестивали во Македонија. Програмата ја водеше, и воедно гостуваше во музичката програма со македонски и хрватски песни, македонската внука, Паула Јусиќ.

*Атмосферата со вистинска македонска музика ја дополнија ансамблот "Штипски мераклии", под раководство на Панче Мусев и преубавата млада солистка Јасминка Мукаетова*

Манифестацијата ја отвори претседателот на МКД "Охридски бисер" од Загреб, Марин Гавровски, кој ги поздрави гостите и сите присутни со желба за добро расположение. Потоа, Александар Толнауер изрази задоволство за формирањето на новото македонско друштво со порака дека Советот оваа година ќе ги зголеми средствата за финансирање на културните активности на националните малцинства во Р. Хрватска. Сите присутни гости беа посебно задоволни со поздравот на загрепскиот градоначелник, Милан Бандиќ.







Играорната сала на ресторанот беше прекриена со македонски песни и ора, а особено кога се пееја "Битола мој роден крај" и "Македонско девојче". И оваа година Костадинка Велковска не ги заборави своите сонародници, па ги поздрави исполнувајќи ја песната "Зајди, зајди јасно сонце".

"Македонска вечер" во Загреб традиционално се одржува по повод на Новата година според јулијанскиот календар, односно наспроти празникот Св. Василиј Велики, по македонски познат како Василица.

За организираната традиционална томбола на "Македонската вечер" се потруди Управниот одбор на МКД "Охридски бисер", кој од бројните донатори собра многу вредни и помалку вредни награди, доволен број донации на радост и среќа на добитниците. Првата награда, повратен авионски билет на релација Загреб - Скопје, подарок на "Croatia Airlines" од Загреб, им припадна на брачната двојка Деспина и Кирко Велински.

Управниот одбор, преку списанието "Македонски глас", јавно им се заблагодарува на сите донатори: "Croatia Airlines", Галерија "Горета", Заботехничка лабораторија "Нака" на Михаил Нака, "Reiffeisen"- Доброволен пензиски фонд, Цвеќарница "Бубамара" на Анамари Гавровски, Заедницата на Македонците во Република Хрватска, "Плива" - козметика "Нева"; "Континентал филм"; "Моделс" - фабрика за картон, Стоматолошка ординација "Борисов" на Бранкица Борисов, Фризерски студио "ВС" на Вишња Валковиќ, Танцувачкиот центар "Б - данце" на Биљана Борисов, на д-р Никола Гроздановски, Саша Петрошевски - Новак, Ѓорѓи Думчев, Коста Јеличиќ, "Арабеска" и "Травел конзалтинг" на Стојан Јовановски, преставништва во Загреб на "Алкалоид" - Скопје и "Агроплод" - Ресен, Театарот за деца и младинци - Скопје, Редакција "Вип-Гала" - Скопје и на "Сип-сувенири" на Санда Периќ - Карловац.

М. Паризоски

Milan Bandić, gradonačelnik Zagreba

# "T'GA ZA JUG" JE NAJBOLJE VINO

Gradonačelnik Grada Zagreba, Milan Bandić, je jedna od najizuzetnijih ličnosti hrvatske političke scene. Uvijek naklonjen nacionalnim manjinama, a osobito Makedoncima, zamolila samo ga za jedan kraći intervju za "Makedonski glas" i Makedonce u Hrvatskoj.

**Sa zahvalnošću što ste prihvatili ovaj razgovor za makedonsku javnost i za Makedonce u RH, ponajprije nam recite što za Vas osobno znači funkcija gradonačelnika Zagreba?**

- Biti gradonačelnik Zagreba za mene nije funkcija već misija i draga obveza.

To je najbolji način da se Zagrebu odužim barem dijelom za sve ono što sam u njemu dobio: obitelj, prijatelje, socijalni angažman koji sam naslijedio iz roditeljske kuće, i još mnogo toga. Materijalno, najmanje. Postajući po treći put gradonačelnik odlučio sam, uz podršku Zagrepčana, ući u projekte svekolike preobrazbe i modernizacije grada, gospodarske, urbanističke i kulturne, naravno, poštujući "genetske korijene" grada.

U provedbi to znači niz projekata koje smo pokrenuli sa stručno-znanstvenom elitom grada, novi način financiranja razvoja grada, koji neće počivati samo na proračunu, razvijanje partnerskih odnosa s privatnim sektorom na svim područjima na kojima postoje zajednički interesi, uz punu javnost rada i stalno polaganje računa Zagrepčanima. Moja je misija i preobraziti Gradsku upravu u istinski servis građana, a trgovačka društva u vlasništvu Grada objediniti i postići značajne uštede i poboljšavanje usluga građanima.

<u>Dva su razloga zašto volim Makedonce. Jedan je zato što mi ipak imamo toplu slavensku dušu, a drugi razlog je što sam i ja dijete juga.</u>

**Kako i na koji način gradonačelnik Bandić voli svoj grad?**

- I tajno i javno. Nije za mene i moj stil rada sjediti u kancelariji. Ljubav se ne iskazuje apstraktnim frazama, već stalnim dodirom s ljudima i njihovim problemima, njihovim rješavanjem. Uvijek govorim da mi nismo vlast, već služba za građane. Nema dijela grada u kojem nisam bio više puta i nema ulice koju ne poznam. Za moje političke suparnike u šali kažem kako bi se izgubili i jedva vratili kući da ih ostavim same u nekim dijelovima grada.

Uz to, strastveni sam poklonik Medvednice, "zagrebačke planine" na koju smo, uz pomoć obitelju Kostelić i njihovih suradnika, doveli utrke Svjetskog skijaškog kupa. Svake subote i nedjelje sam na Sljemenu: krećem u šest ujutro, a u osam sam već pod tušem. Čitav sam dan s ljudima i svaki me takav susret oplemenjuje i kao čovjeka i kao najodgovornijega u gradu. Moje su "parole" stečene krvavim svakodnevnim radom - samo radom, ljubavlju i dobrotom možete ponosno hodati svojim gradom.

**Ocjenjuju Vas kako veoma karizmatičnu ličnost. Što mislite: imate li više prijatelja ili neprijatelja?**

- Ne da imam više prijatelja, nego nemam neprijatelja. Priznajem suparništvo, ali ne razumijem neprijateljstvo i mržnju, s tim se ne može dugo i kvalitetno živjeti.

**Koji su Vaši prioritetni planovi u toku ove 2006. godine, koji bi "od sveg srca" željeli ispuniti?**

- Ne samo da želim, već ćemo ih i ispuniti. To je dovršetak paralelnog mosta na Jankomiru, obnavljanje i proširivanje gradskih prometnica, pretvaranje Bundeka, jezera u srcu grada, u park i rekreacijski centar po mjeri Zagrepčana. Čeka nas i uređivanje Markovog trga i nekih ulica na Gornjem Gradu, a pred nama je i uređivanje gornjogradskih pročelja kako bismo povijesnu gradsku jezgru učinili još atraktivnijom.

**Kako se gradonačelnik Zagreba odnosi prema svojim sugrađanima, pripadnicima nacionalnih manjina?**

- Za mene su ljudi - ljudi, dobri ili loši, a ne dijelim ih ni po jednom ključu.

**Od "dobro provjerenih izvora" znamo, a i Vi ste Vašim prisustvom na Makedonskoj večeri u "Globusu" to potvrdili, da ste osobno naklonjen makedonskoj nacionalnoj manjini i da podržavate njihove programe u gradu. Ima li nekog posebnog razloga za to?**

- Moja je misija biti pažljiviji prema onima kojih je manje, koji imaju svoju kulturu, običaje i način života, nego prema svima drugima. To je u meni. Čovjek će teško iz vlastite kože i odgoja koji su mu dali roditelji. Dva su razloga zašto volim Makedonce. Jedan je zato što



Каква коинциденција! Во времето кога го правевме ова интервју со г. Бандиќ, во официјална посета на Загреб беше скопскиот градоначалник, г. Костов. На прашањето која е популарноста што го врзува со загрепскиот колега, ни изјави:
- Не би можел да зборувам од некој професионален аспект што тоа ја чини популарноста на еден градоначалник. Актуелната ситуација во Македонија не ми дава за право да се чувствувам како многу популарен, бидејќи Скопје е такво какво што е - со сите свои мани и доблести. Меѓутоа, со г. Бандиќ не врзуваат многу работи за кои разговаравме во неговиот кабинет и каде откривме дека многу нешта ни се заеднички: културата, спортот и односот кон традицијата и религијата. Затоа, можам одговорно да изјавам дека во неговата личност најдов соговорник и пријател, со кој многу можеме да сториме.

mi ipak imamo toplu slavensku dušu, a drugi razlog je što sam i ja dijete juga. T'ga za jug. Nabolje vino. Ja sam dijete juga, a budući da te slavenske duše dopiru s najudaljenijeg juga onda je normalno da taj fluid svi dijelimo zajedno.

**Na kraju jedno privatno pitanje: tko je Milan Bandić "iza kulisa"?**

- Nema Bandića "iza kulisa". Čitav Bandić je posve javan, tako da me obitelj ima manje nego Zagrepčani i moji suradnici u timu. Nosim ono što Hrvatskoj prečesto nedostaje - ljubav prema radu, ljubav prema građanima Zagreba i Zagrebu i dobrotu i suosjećanje sa svim onima koji su socijalno ili na bilo koji drugi način ugroženi. Volim svoju obitelj, retrivera Bila koji me prati na Sljeme, uživam u društvu prijatelja i građana koji me zaustavljaju na ulici i uvijek nosim pune džepove njihovih poruka. Ne znam glumiti, na meni se vidi kad sam veseo, kad tužan. Ljutim se kad nešto zapne, znam viknuti, ali, sve začas zaboravim.

Marina Apostolovska - Vujaklija
Fotografija: Neven Reberščak



# СО ГОСТИ ОД СТРУМИЦА И НАРОДНА ВЕСЕЛБА

Во организација на МКД "Браќа Миладиновци", на 4-ти март 2006-тата година, во ресторанот на хотелот "Мурса" во Осиек, се одржа третата по ред манифестација "МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР"




На 4 март годинава, во ресторанот на хотелот «Мурса» во Осиек, по трет пат се одржа манифестацијата «МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР». Ако се цени по бројот на посетителите, оваа вечер беше многу попосетена од минатите две. Љубителите на македонската култура од Загреб, Кутина, Слатина, Михољац, Нашице, Бели Манастир и други градови... дојдоа да уживаат во македонската песна, ора и кулинарските специјалитети. Се разбира, на гостите им беа гарантирани изворни културни аспекти, за што беа задолжени гостите: групата ЛЕГАТО од Струмица, армоникашот ПЕЦО ТРАЈЧЕВСКИ од Битола и домаќините - групата Петар Пан од Осиек и пеачката група на Друштвото «Вардарки». Беше направена успешна манифестација во рамките на долгата традиција во работата на МКД «Браќа Миладиновци».

Вечерта започна со прекрасната интерпретација на песната «Македонци» од Душанка Јурковиќ, рецитирана од нејзиниот син Божидар, која заедно со звукот на кавалот измами солзи кај присутните. Нему му се придружи Сања Бузациќ, па двајцата, облечени



во македонски носии, ја продолжија однапред подготвената двојазична програма, затоа што на «Македонската вечер» не учествуваа само Македонци туку и многубројни симпатизери на македонската култура. Стана збор и за историјата на друштвото «Браќа Миладиновци», кое има примено многубројни награди и признанија, а остварено и многубројни настапи на неговите секции.

По воведните зборови на водителите, претседателката на друштвото, г-ѓа Јагода Тренеска-Цветичанин, ги поздрави присутните и се заблагодари за присуството на високите гости, и тоа: амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска, Н.Е. Махи Несими со сопругата, Осиечко-барањскиот жупан, г. Крешимир Бубало со сопругата, претставници на Градското поглаварство, г-ѓа Мирјана Смоје, и г-ѓа Маргит Зориќ. Во името на Друштвото, таа им се заблагодари на сите спонзори, а најмногу на Советот за национални малцинства при Владата на Р. Хрватска. Исто така ги прочита телеграмите на сите кои сакаа, а беа спречени да дојдат.

Програмата потоа продолжи со настапот на пеачката група «Вардарки», со изборот на пет песни од кои секоја беше претставена со увод. Така, песната «Битола мој роден крај» разбуди носталгија во многу срца и нè врати на час со мислите во татковината . «Македонско девојче» покажа колку сме горд народ и колку ги сакаме и почитуваме децата. «Кажи ми, кажи Катинке» е песна која зборува за љубовта што прераснува во болест кога е невозвратена, додека песната «Среќата со пари не се купува» покажа дека на Македонците не им е до материјални вредности, туку до негување на духовното богатсво. Последната, славонска песна «Црни очи», како и претходните четири, ги распеа и присутните гости. Со тоа «Вардарките» најавија музичка вечер со песни од двете татковини. Нив ги придружуваа на хармоника Пецо Трајчевски и групата «Легато», кои ја продолжија забавата заедно со групата од Осиек «Петар Пан», задолжена за репертоар од втората татковина, Р. Хрватска.

Какви се впечатоците на Пецо и «Легато»? Велат: «Изненадени сме од организацијата и хармоничноста која владееше од почетокот до крајот на нашиот престој во Осиек. Најголема радост ни причинуваше што на забавата сите гости пееја заедно со нас и кога на македонските ора се фатија и заиграа не само Македонци. Се вели дека облеката не го чини човекот, меѓутоа нам носиите во кои бевме облечени ни беа од голема важност, затоа што беа едно делче од мозаикот на нашата култура со која се гордееме. Беше супер и вечерата, збогатена со нашата Струмичка мастика, традиционалното гравче на тавче и баклава...»

Забавата, проследена со богата томбола, траеше до утринските часови.

Сигурна сум дека Македонците, такви какви се, со веселбата ќе продолжеа и наредниот ден, меѓутоа нешто мора да се остави и за догодина. Зашто, Осиечани со денови зборуваат: "Ако сакаш да се развеселиш, оди на македонска веселба."

Бранка Јањиќ

# Г. РУМЕНОВСКИ ВО ПОСЕТА НА СОВЕТОТ

На 9 февруари годинава, новоименуваниот министер - советник во Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, г. Стојан Руменовски, го посети Советот на македонското национално малцинство на Град Загреб. Во срдечниот и пријателски разговор со претседателот на Советот и претседателот на Семакедонската координација, г. Анастас Оџаклиески и со членот на претседателството, г. Никола Гроздановски, отворени се повеќе прашања, заеднички теми и изнесени се информации од заеднички интересни подрачја. Г. Руменовски изнесе информации за политичкиот спектар во Република Македонија, а потоа говореше кои се неговите очекувања од новите обврски како кон претставниците на државните институции, така и кон претставниците на македонското национално малцинство во Република Хрватска.

Претседателот на Советот, Оџаклиески, го информира новоименуваниот министер-советник во Амбасадата за вкупната организираност на македонското национално малцинство во Република Хрватска. Беа прецизирани и постигнатите резултати во работата, односно реализацијата на плановите и програмата, а не беа изоставени ниту информациите за потешкотиите во некои места каде не е во потполност применуван Уставниот закон. Изразена е согласност дека има евидентни проблеми кои и денеска се актуелни во помал број на здруженија на нашето национално малцинство, како нормална и вообичаена појава во граѓанското друштво.

Анастас Оџаклиески го извести ценетиот гостин и за политичките цели на Советот и Семакедонската координација во Република Хрватска, а кои се насочени кон подобра организација на работата и реализација на програмата на Советот и претставниците, како и квалитетни подготовки за следните избори кои треба да се одржат во 2007 година. Посебно е нагласено барањето и наоѓањето можности за измена на Изборниот закон во Република Хрватска, со кои би било овозможено и нашето национално малцинство да има свој пратеник во Хрватскиот сабор.

Со меѓусебна согласност донесен е заклучок дека треба да се продолжи со досегашната соработка на Советот и Семакедонската координација со Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска и секако истата треба уште повеќе да се унапредува и да стане вистински мост на соработка со матичната земја и нејзините национални институции.

М. Паризоски

# СРЕДБА НА БИЗНИСМЕНИ

На 1 и 2 март годинава во Сплит се одржа средба на бизнисмени од Р. Македонија и Р. Хрватска. Педесеттината учесници на овој, за економијата и на двете земји значаен собир, беа претставници на прехрамбените иднустрии. Собирот го поздрави и амбасадорот на Р. Македонија во Р. Хрватска, Н.Е. Махи Несими, кој истакна дека вакви собири би било пожело што повеќе да се организираат, затоа што личните контакти можат да дадат забележителни резултати.

На бизнис средбата во Сплит, македонските и хрватските претставници на прехрамбената индустрија го сторија првиот чекор за нивна понатамошна соработка, која ќе биде корисна и за двете земји.

М.А.В.

# ОДБЕЛЕЖАНИ ДВЕ ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БОРИС ТРАЈКОВСКИ

На 26 февруари годинава, државна делегација предводена од претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски, положи венци на гробот на претседателот Борис Трајковски во Алејата на великаните на Градските гробишта Бутел во Скопје. Претходно венци на гробот на Трајковски, кој на овој ден пред две



години трагично загина во авионска несреќа кај Мостар, положи неговото потесно семество, таткото Кирил, сопругата Вилма, децата Сара и Стефан. Во државната делегацијата што му оддаде почит на претседателот Трајковски беше и Минчо Јорданов, заменик-претседател на Владата на Република Македонија. Венци положи и делегација на АРМ, предводена од началникот на Генералштабот Мирослав Стојановски, како и делегација на дипломатскиот кор во земјава, предводена од амбасадорот на Народна Република Кина, Ѕанг Ванксуе. Венци на спомен обележјето на претседателот Трајковски положија и претставници на политички партии, меѓу

кои и лидерите на ВМРО - ДПМНЕ и на ДРУМ, Никола Груевски и Доста Димовска, како и градоначалници на општини од Македонија.

На гробот изразија почит и четворица планинари од Струмица, кои пеш поминаа180 киломтри од родниот град на Трајковски до Скопје за пет денови.

(МИА)

# ХРВАТСКА - ЦЕФТА ИМА ИДНИНА И Е СИГУРЕН НАЧИН ЗА ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ЕУ

Хрватска и натаму останува на ставот дека ЦЕФТА е многу важна институција за трговска соработка во регионот, изјави на 27 февруари годинава Владимир Вранковиќ, државен секретар во хрватското Министерство за економија, по потпишувањето на Договорот за пристапување на Македонија во оваа асоцијација. Коментирајќи го предлогот на Европската комисија за формирање слободна трговска зона во Западен Балкан, Вранковиќ напомена дека Хрватска од почетокот застапуваше јасен став околу позицијата на ЦЕФТА, како многу важна институција за регионот.

"Имаше различни обиди за дефинирање на соработката во регионот, но по повеќето средби и разговори е прифатен нашиот став дека ЦЕФТА има иднина и е сигурен начин за приближување кон ЕУ", рече Вранковиќ. Според него, Хрватска успеа да обезбеди темелна подлога за ЦЕФТА да остане правна рамка за трговска соработа во регинот. Вранковиќ смета дека секоја земја треба да вложува индивидуални напори кога станува збор за прифаќањето на критериумите за членство во ЕУ.

(МИА)

# МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И ХРВАТСКА ОЧЕКУВААТ НА САМИТОТ ВО РИГА ДА БИДЕ ПОТВРДЕНО ДЕКА ЌЕ БИДАТ ДЕЛ ОД НАТО

Премиерите на Македонија, Албанија и Хрватска, Владо Бучковски, Сали Бериша и Иво Санадер, на трилатерална средба во Драч што се одржа на 28 февруари годинава, уште еднаш ја искажаа увереноста дека трите земји ќе станат членки на НАТО при следното проширување. Потврдата на таквите нивни аспирации ја очекуваат на годинашниот Самит на Алијансата во Рига, јави известувачот на МИА.

"Се надеваме дека ќе бидеме дел од НАТО до 2008 година. Ние ги поддржуваме сите позитивни ангажирања во тој правец, како меѓу себе, така и на другите земји во регионот. Оптимист сум за позитивниот развој во регионот", изјави македонскиот премиер Бучковски на заедничката прес - конференција со неговите колеги од Албанија и од Хрватска.

Албанскиот премиер Бериша истакна дека е заклучено оти трите држави треба да соработуваат на заеднички проекти како идни членки на НАТО.

"Нашите земји ќе работат заеднички како на политички, така и на воен план. Заедно сме во Авганистан, во Босна и каде што има потреба. Северноатлантската алијанса има потреба од нас. Верувам дека ќе нѐ поканат на следниот Самит во Рига. Секој наш чекор кон ЕУ и НАТО е заеднички", рече Бериша.

Хрватскиот премиер Санадер изјави дека соработката на земјите членки на Јадранската повелба е силна. "За нас НАТО не е само воена алијанса, туку претставува мир, демократија и обезбедување на човековите права. Сметам дека Самитот во Рига е многу значаен за нас. Наша порака е дека земјите од Јадранската повелба сакаат индивидуално да влезат во НАТО, но работејќи заедно", рече Иво Санадер.

Тројцата премиери разговараа и за економската соработка, за предлогот за создавање слободна трговска зона и за други прашања од заеднички интерес.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОСТОВСКИ ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА ЗАГРЕБ

Градоначалникот на Град Скопје, г. Трифун Костовски, на 2 март годинава оствари еднодневна работна посета на Загреб. При тоа, тој се сретна со градоначалникот на Град Загреб, господинот Милан Бандиќ, при што беше разговарано за унапредување на развојот и соработката меѓу двата града во сите сфери на работењето, а се разговараше и за организацијата начинот на управување со градските администрации.

Очигледно задоволен од еднодневната посета на Загреб, специјално за "Македонски глас", г. Костовски одговори на прашањето: Дали неговата и популарноста што ја има г. Бандиќ изроди поголема соработка меѓу двата града?

- Не би можел да зборувам од некој професионален аспект што тоа го чини популарноста на еден градоначалник, бидејќи актуелната ситуација во Македонија не ми дава за право да се чувствувам како многу популарен. Скопје е такво какво што е - со сите свои мани и доблести. Меѓутоа, со г. Бандиќ нѐ врзуваат многу работи за кои разговаравме во неговиот кабинет и каде откривме дека многу работи ни се заеднички: културата, спортот и односот кон традициите и религијата. Затоа, можам одговорно да изјавам дека во неговата личност најдов соговорник и пријател со кој многу можеме да сториме.

М. Апостоловска - Вујаклија

# НА БРЕГОТ НА МОРЕТО, МАКЕДОНСКА ПЕСНА И ОРА

Ресторанот "Хоризонт", при хотелско-угостителскиот комплекс "Сплендид", во првата половина од јануари годинава беше домаќин на 11-та "Македонска ноќ", која, за Македонците од Пула и Истра, како и нивните колеги од Риека, традиционално ја организираат членови на МКД "Кочо Рацин" од Пула.

Пред тристотината гости манифестацијата ја отвори претседателката на Заедницата на Македонците во

*Атмосферата до вжештување ја подигнаа гостите од Македонија - Штипските мераклии, со својата младата солистка Јасминка Мукаетова*



Република Хрватска и на МКД "Кочо Рацин" од Пула, г-ѓа Славица Сагадин, поздравувајќи ги присутните: раководителот на одделот за општа управа и самоуправа на Град Пула, г. Винко Кнез, неговата помошничка, г-ѓа Славица Јеловац, раководителката на одделот за просвета, култура и физичка култура, г-ѓа Клара Удовичиќ, претставникот на Истарска жупанија, г. Денис Мартинчиќ, претставничката на Стопанската комора на Истра и Пула, г-ѓа Јасна Јаклин - Маетиќ и другите гости и пријатели на Македонците. Господинот Винко Кнез исто така им се обрати на присутните, при што рече дека македонското национално малцинство на Пула и Истра има постигнато вонредни резултати во создавањето на соодветни услови за општествениот живот и програмска ориентација во сите сегменти и дејности.

Водители на програмата беа Сашка Зграблиќ од Пула и Игор Николов од Пореч. Тие најнапред ги прочитаа бројните поздравни телеграми по повод Новата 2006 година, а потоа атрактивно и креативно спроведоа богатата томбола, на која беше доделен авионски билет на "Croatia Airlines", колор телевизор од "Капра" д.о.о. Лабин, два автобуски билети за Скопје од "Полет" Тетово и други.

Ние Македонците сме такви, какви природата нé создала, без оглед на сé знаеме да се радуваме и дружиме. Тоа го покажа осветлениот простор на ресторанот "Хоризонт" каде немаше слободна маса, па се говореше за некоја бројка од 286 гости кои присуствуваа во оваа наша манифестација. Сите нив песната на "Ленките" и "Македонските чалгии", најдобрите секции при МКД "Кочо Рацин", им подарија топли импулси, преку песните иората од родниот кат. Преостанатиот дел на оваа ноќ во петок на 13 јануари, до вжештување ја подигнаа гостите од Македонија -"Штипските мераклии" со младата солистка Јасминка Мукаетова. Се редеа песни и ора, сé додека стрелките на часовниците се "сретнаа" на бројката 12 кога си ја честитавме Новата Година според стариот традиционален Јулијански календар. Нормално, потоа следеа песни, игри и веселба сé до раѓањето на новиот ден.

Ратко Димовски

# ПЕТАР ЖЕШКОВ (1923 - 2005)

Далеку е родната Македонија. Судбината на некои Македонци е таква - што - тие мораат да одберат и друга татковина. Петар Жешков беше еден од нив.

Роден е во Прилеп 1923 година. Потекнува од стара граѓанско - трговско семејство. Гимназија завршил во родниот град кога на подрачјето на Вардарска Македонија се спроведувала великосрпската или великобугарската политика, па затоа, за одредиште на своето идно образование го избира загрепскиот универзитет.

Во таквата традиција се вклучува и младиот загрепски студент по медицина, Петар Жешков. Дипломира на Медицинскиот факултет во Загреб, и, како добар студент, ја почнува својата кариера како асистент по патологија на педијатриската клиника, на која докторира невропедијатрија. Потоа следи избор за професор на Медицинскиот факултет и во 1970 година ја презема должноста на началник на детскиот невролошки оддел на клиниката "Ребро". Со своите многубројни стручни трудови учествува на многу светски конгреси и симпозиуми, во Хрватска ги организира истите, а најтесно соработува со Францускoто лекарско друштво.

Професорот Жешков за цело време на својата медицинска професија не ја заборави својата Македонија, а собено родниот град Прилеп. Својата хуманост ја искажува за време на годишниот одмор, кој целосно го користи за доброволни суперспецијалистички прегледи на деца од цела Македонија кои имаат неуролошки заболувања. И по пензионирањето, во 1990 година, продолжува да води грижа за своите порано лекувани пациенти. Целиот свој скромен живот им го посвети на болните деца и нивното лекување и оздравување.

Својот живот го заврши осамен во пензионерски дом на 15 јануари 2006 година во Загреб. Неговите посмртни остатоци се кремирани, и по негова желба, пренесени и закопани во Македонија, во градските гробишта "Бутел" во Скопје.

Нека му е вечна слава.

М. Паризоски




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕН РЕКЛАМЕН ПРОСТОР ВО МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Страниците на нашето списание "Македонски глас" отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Редакцијата веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,

Редакцијата на "Македонски глас"

## ПРЕТПЛАТА НА МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на заедницата е: 2340009-1100038804, а матичниот број: 3805760) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина, изнесува 40 куни годишно, додека пак претплатата на ова наше списание во странство, се разбира со платена поштарина, изнесува 80 куни годишно или 11 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Редакцијата

Umjesto feljtona

# KRONOLOŠKI ASPEKTI O KRETANJIMA MAKEDONSKE DIJASPORE U REPUBLICI HRVATSKOJ

Priredio: Ognen Bojadžiski,profesor

U Hrvatskoj se dosta često u razdoblju do stvaranja Kraljevine Jugoslavije,pa i kasnije,dvojilo oko etničkog identiteta Makedonaca , jednim djelom i zbog toga što su i oni sami unosili zbrku nazivajući sebe pored Makedoncima i makedonskim Bugarima ili Bugarima,što zbog niske razine etničkog i nacionalnog osvješćenja i identiteta,mada su oni sami veoma dobro znali da nisu ni Bugari,ni Srbi a još manje Grci.No to je pitanje tzv. povjesne -etnogeneze i nacionalne determinacije kasnije razjašnjeno unutar samih Makedonaca,ali za ovu temu je značajno ukazati i na taj moment zbog objektivnosti prikazivanja određenih kronoloških aspekata.Ovo pogotovo jer je u Hrvatskoj dolazio i značajan broj Bugara ne samo kao studenti već i kao radnici odnosno djelatno stanovništvo,osobito nakon desničarskog udara u Bugarskoj 1924,kada je HRSS omogućio naseljvanaje oko 5000 Bugara u Zagrebu i Slavoniji,te Dalmaciji.

Stanovnici -Makedonci i studenti već 1922 u Zagrebu stvaraju ogranak VMRO a pod imenom Makedonska Mladinska Organizacija ali je ona ubrzo zabranjena,da bi tek 1936 niklo građansko-studentsko društvo "Vardar" čijim zborom je rukovodio glazbenik i dirigent Jakov Gotovac.Tih godina u Zagrebu se pokušavaju Makedonci organizirati zajedno sa studentskom omladinom u društvo MANAPO-Makedonski Narodni Pokret: donevši čak i Deklaraciju o riješavanju makedonskog pitanja u Monarhiji na federalnim osnovama,što je kasnije odjeknulo i u samoj Makedoniji.Svakako treba istaknuti i drugi krijes makedonske samosvojnosti koji se odigrao u Samoboru 1939. kada je 22.11 ugledala svijetlo dana pjesnička zbirka "Beli Mugri" radnika-pjesnika Kosta-Kočo Racina,zahvaljjući potpori Stevana Galogaže i tiskaru Dragutinu Špuleru.

Pored izraženih socio-ekonomskih i kulturnih veza u Kraljevini Jugoslaviji između Hrvata i Makedonaca rađaju se i interesne veze u politici i to kako na strani lijevih snaga tako i na strani centra i desnice( KPJ, HRSS, Stranka Prava i VMRO-vrhovisti; a djelomice i VMRO -Ujedinjena sve do njenog trajanja(1934) kada je raspušten Demokratski savez Balkanskih naroda,sa sjedištem u Beču promjenom politike Kominterne.(Memoari-Dimitar Vlahov,Skopje-1970g.) .

Zanimljivo bi bilo kroz povijest određenih obitelji,imena i prezimena istraživati demografska strukturu seoba i uzajamnih prožimanja između Hrvata i Makedonaca,kao primjer navodimo samo neka Vlahov,Karamarko,Nace, Nako, Bojadžijević, Kostov,Kostenarov, "Karaman, i sl.osobito onih koje nemaju deminutiv -ić,ica i sl.Amalgami koji su stoljećima putovali na ovaj ili onaj način danas imaju sasvim drugačije konotacije i određenja,odnosno etničke i religiozne odrednice.

Makedonska populacija i ne samo u Makedoniji stoljećima u gnjetavana,izrabljivana,denacionalizirana i asimilirana,stekla je izvanrednu moć mimikrije,pa tako kao ponornica izbija i tamo gdje se povijest najmanje nadala.Ali duboko u sebi,u svojoj memoriranoj duhovnosti ona unutar sebe je znala prepoznati svoj etnos,svako dobro i prijatelje s kojima može kondicionirati i komunicirati.

Najveći udarac negativnih predznaka za Makedonce u Hrvatskoj je rujanska Deklaraciuja iz 1941 kada su se oni temeljem sporazuma između NDH i Bugarske(pretpostavka je da su tomu najviše kumovali dr.Ante Pavelić i njegov politički suborac i prijatelj Ivan Mihaljov-Vančo) morali prisilno deklarirati kao Bugari, pa tako i dobivati dokumente,što im se kasnije osvjetilo ne njihovom krivicom.Postoje svjedočanastva o mnogim Makedoncima koji se nisu htjeli izjasniti Bugarima, te su zbog toga morali napustiti NDH, ili bili šikanirani i zatvarani.

Antifašističko savezništvo imalo je i među Hrvatima i Makedoncima svoje arbitre i sudionike među kojima su svakako makedonski studenti u Zagrebu: Kiril Miljovski, Vančo Burzevski,Ljupčo Arsov , lički učitelj Mito Dimitrijević-(kasnije Dimitrijevski), Marin Franičević, Jure Franičević,Zlatko Prica, Jure Kaštelan, Drago Ivanišević i drugi.

Povijjesno-političke polarizacije i raskrižja koja su se dogodila uoči II SR ,njegovim tijekom i završetkom,nisu mimoišla ni Hrvatsku ni Makedoniju,odnosno Makedonce i Hrvate.Što se i jednima i drugima događalo i pored svih znanih istraživanja ostaje zadatak da još jedanput propitaju svjedočanstva i otvore i ona pitanja koja su dugo bila prešućivana ili zanemarivana. Ona su možda i važnija za Makedonce,jer ne bez razloga jedan od uglednijih Makedonaca u Zagrebu ,g.Pavle Ugrin ističe:" i mi smo plivali nošeni političkim valovima i vjetrovima vremena,posebno u Hrvatskoj, imali smo oštre diskusije s lijeve,desne i svakako one strane koju ja nazivam maticom, a koja je eto nakon toliko godina raznih bura i oluja,dovela i do stvaranja samostalne Makedonije".(g.Pavle Ugrin,potječe iz ugledne veleške obitelji,studirao je elktrotehniku u Zagrebu,Gracu i Minhenu,bio u doba Kraljevine,predstavnik njemačkog "Bosha" u Zagrebu, a 1945-1948 prvi ministar transporta i prometa u Vladi Makedonije,zatim opet u Zagrebu gdje je umro 2002./razgovor s autorom ovog priloga:travanj 2000).

U razdoblju od 1945 do 1990, znači FNRJ ili SFRJ, pored već zatečenog stanovništva koje se izjašnjavalo kao Makedonci u Hrvatskoj (popis 1952 , 0,2 % ; sve do popisa iz 1981 . 0, 5 %) evidentno je da se radi,ne samo o zatečenom stanovništvu, već i o radnoj migraciji unutar jedne države.Ovdje ističemo da treba posebno obraditi kategoriju pripadnika JNA i JRM jer značajan dio te populacije trajno je ostao u Hrvatskoj, uz nešto manji broj onih koji su studirali i eventualno našli bolji posao ili stvorili obiteljsku zajednicu.

Socijalna i egzistencijalna razina tog stanovništva ničim nije odudarala od tzv. standarda prosjeka,uz rijetke izuzetke: većinom ,iznad 60 % to su bili radnici s nižim kvalifikacijama, negdje oko 10 % srednja i viša stručna sprema i tek oko 10 % visoka stručna sprema i znanstvene profilacije( imajući u vidu prosjek Makedonaca u Hrvatskoj prema tim popisima od 5,5 do 12 tisuća ljudi.)On se drastično promjenio od 1990 tako da prema poslednjem popisu u Hrvatskoj ima oko 5 000 Makedonaca koji se kao takvi izjašnjavaju iako se na mnogim skupovima Društava ukazuje da je taj broj veći.Dominira populacija iznad 60 godina starosti, a već u trećoj generaciji evidetno je značajnije prisustvo mješanih brakova.

Između 1945 i 1990 u tadašnjoj Jugoslaviji Makedonci nisu imali mogućnosti vlastitog organiziranja u bilo kakve asocijacije izvan Republike Makedonije, ni na principu zavičajnosti ,ni na etničkom a još manje kao posebna vjerska zajednica .Ostaci studentskih klubova u Zagrebu,Ljubljani i Beogradu likvidirani su 1948-1952 pod razno raznim ideološkim i sl. optužbama.Prvi studentski Klub Makedonaca rođen je tek 1962 u okvirima zavičajnih studentskih Klubova na zagrebačkom Sveučilištu,djelovao je pod imenom "Kočo Racin" i opstao je sve do 1973/75 kada je usahnuo;(dugodišnji predsjenik je bio g.Spase Domazetovski,ing.naft.rud,sada živi u Makedoniji,a jedan od aktivnijih članova bio je i g.Lukarov Ivan,sada poslovni čovjek u Zgb).Zahvaljujući ovom Klubu zavičajnih studenata or-

ganizirano je nekoliko predavanja znanstvenika iz Makedonije i kulturnih programa,te inicirano godišnje obilježavanje Dana izlaska iz tiska pjesničke zbirke "Beli Mugir" Koče Racina u Samoboru uz pomoć g.Ivice Sudnika u Samoboru.Zahvaljujući toj inicijativi,a kasnije uz pomoć DKH(Društva književnika Hrvatske) i DPM (Društva pisaca Makedonije) te uz pomoć Skupštine općine Samobor postavljena je i svečano otkrivena spomen -bista pjesniku Koči Racinu,1976/78, na kojoj su govorili akademik Marin Franičević i akademik Blaže Koneski. Zasigurno svoje mjesto u tim aktivnostima je imalo i druženje pod nazivom "makedonska večera" koju su organizirali g.Ivan Andonov-Vančo i prijatelji,svake godine na tzv.Staru Novu Godinu,po julijanskom kalendaru 14. siječnja.U razdoblju 1970-1972 u Zagrebu su neki građani makedonske nacionalnosti( Kiro Čakar,Ilija Džuvalekovski, Ivan Andonov-Vančo,Orde Petlevski,Ognen Bojadžiski) pokušali organizirati makedonsko društvo,(podaci dostupni ovom autoru) ali tadašnja vlast preko svojih Službi uspjela je to onemogućiti, a neki pojedinci su privođeni i zatvarani kratkotrajno pod krinkom "članstva u VMRO".

Otvaranjem pluralnih demokratskih procesa 1990 , raspadom Jugoslavije i stvaranjem samostalne Republike Hrvatske omogućeno je da se i Makedonci u Hrvatskoj kao etničke i građanske udruge organiziraju i djeluju: tako je došlo do organiziranja MKD "Ilinden " u Rijeci, MKD "Braća Miladinov" u Osijeku, Društvo Makedonaca i prijatelja Makedonije u Splitu, MKD "Krste Misirkov" u Zagrebu i MKD "Kočo Racin " u Puli, te njihove krovne organizacije Zajednice Makedonaca u RH.Kronologija doganja je zabilježila da je prvo Društvo Makedonaca nastalo u Rijeci -"Ilinden" predsjednik Mihailo Davčevski,zatim u Splitu Društvo prijatelja Makedonije i Makedonaca ,predsajednik ing.Vlado Apostolovski, zatim je Inicijativom grupe zagrebačkih Makedonaca: Dr Nikola Grozdanovskog,dr Magdalena Maršavelsky,Liljana Stefanovska,Lena Džapić,i drugi,došlo do stvaranja Zajednice Makedonaca u RH-1991, dok se u Rovinju temeljem inicijative grupacije političkih pristalica VMRO a organizira u društvo"Obedineti Makedonci-Ujedinjeni Makedonci"-1992.Prvi predsjednik Zajednice MaKEDONACA POSTAO JE DR Nikola Grozdanovski, a već 1992 dolazi do inicijative da se tiska glasilo Zajednice,pod imenom ."Makedonski Glas": dvojezično i dvopismeno:makedonski i hrvatski, pri čemu je za prvog glavnog urednika izabran Ognen Bojadžiski.Istodobno došlo je i do stvaranja crkvenih općina u Zagrerbu MPCO "Zlata Meglenska",(već 1992 na Dan Sv.Kirila iMetodija,24 svibnja održana je prva liturgija na makedonskom jeziku u grkokatoličkoj crkvi Sv.Kiril i Metodija- liturgiju su vodili svećenici dr Aleksandar Mustenikov i Aleksandar Candovski, kada je najavljeno osnivanje Makedonske pravoslavne crkvene općine u Zagrebu u suradnji i suglasnosću Vjeća za ekumenizam Zagrebčke nadbiskupoije i monsg.Đure Kokše); u Splitu,"Sv.Naum Čudotvorec", u Rijeci i Puli"Sv.Jovan Osogovski" ,jačanju ekumenskog dijaloga između Makedonske Pravoslavne Crkve i Zagrebačke Nadbiskupije, odnosno snaženju crkveno -kanonskih veza i odnosa kroz posjete raznih crkvenih velikodostojnika na obje strane, te suradnje Katoličkog bogoslovnog fakulteta u Zagrebu i Bogoslovnog fakulteta "Sv.Kliment Ohridski" u Skopju.Prvi predsjednik MPCO "Sv.Zlata Meglenska" u Zagrebu postao je dr.Toma Prošev istaknuti kompozitor,dirigent i glazbeni pedagog,a tajnik Ognen Bojadžiski.Zahvaljujući takovoj praksi i opredeljenjima Vlade Republike Hrvatske i Državnog povjerenstva za vjerske zajednice došlo je i do potpisivanja Dogovora o boravku i obavljanju službe makedonskog pravoslavnog svećenika u Republici Hrvatskoj što je još više učvrstilo sigurnost i raspoloženje Makedonaca u RH te značajno doprinjelo jačanju tradicionalno dobrih odnosa između Hrvatske i Makedonije.U duhu ekumenskog dijaloga i uzajamnog poštovanja došlo je i do dvije kanonske vizitacije mitropolita Gorazda,arhijereja MPC, najprije u zagrebu i Mariji Bistrici,uz posjet i prijem kod kardinala dr F.Kuharića,(1997)a koju godinu kasnije i vizitacija uz zajedničku bogoslužbu mitroplitu monsg.M.Srakiću u Đakovu(1999).Prema riječima starješine Marijinskog svetilišta Marija Bistrica ,o.Cindorija,posjet mitropolita Gorazda ovom svetištu"je jedinstven,budući da u čitavoj njegovoj povjesti on je prvi pravoslavni velikodostojnik koji je ekumenskim duhom pohodio Mariju Bistricu".

Tijekom listopada 1993 došlo je i do utemeljenja Hrvatsko-makedonskog društva prijeteljstva, gdje je za prvog predsjednika izabran akademik dr Stjepan Antoljak a za njegovog zamjenika istaknuti makedonist dr Borislav Pavlovski.Prvi predsjenik MKD u Puli -"Kočo Racin" postala je g-đa Slavica Sagadin, a prvi predsjednik MKD u Osijeku "Braća Miladinovi" g.Blagoja Jovanovski,profesor,dok MKD u Zagrebu "Krste Misirkov" prvim predsjednikom izabran je g. Ivan Andonov-Vančo.Tijekom daljih aktivnosti na kulturnom planu dolazi do utemeljenja dva zbora "Ezerki" u okvirima Hrvatsko-makedonskog društva i "Raspeana Makedonija" unutar MKD "Krste Misirkov"-Zagreb.

Unatrag proteklih desetak godina makedonska zajednica u Hrvatskoj,zahvaljujući i snažnoj financiskoj potpori, na lokalnoj i državnoj razini, uspjela je pokazati svoje duhovne i kulturne vrednote realiziraju mnoštvo programa i aktivnosti ne samo na svoju dobrobit već i na dobrobit hrvatsko-makedonskih odnosa i veza.Pored financijske pomoći RH zahvaljujući Ambasadi RM u Hrvatskoj te ranijoj Matici iseljenika-sada Agenciji za iseljeništvo ostvaruje se značajna koordinacija kulturne suradnjes relevantnim makedonskim kulturnim i drugim institucijama uz financijhsku potporu i participaciju Repblike Makedonije.Ne može se a ne ukazati i na sudjelovanje Makedonaca u Domovinskom ratu .

Najveći dio djelovanja i aktivnosti Društava Makedonaca i Zajednice u cjelini odvija se u njegovanju kulturnih i duhovnih tradicija i vrednota:tradicije folklora,glazbeno-zborke aktivnosti,organiziranje Dana Makedonske kulture,obilježavanje tradicionalnih makedonskih blagdana Ilinden i 11 oktobar-listopad,Dan Koče Racina,uz njegovanje vjerskih blagdana,gostovanja hrvatskih i makedonskih kultuirnih i javnih djelatnika,posjeti Makedoniji i njegovanje uzajamnosti s matičnom sredinom kroz obilježavanja imena i stvaralaštva onih hrvatskih ličnosti koje su kroz stoljeća djelovali na hrvatsko-makedonskom povezivanju i uzajamnosti,te njegovanju imena onih Makedonaca koji su na tlu Hrvatske ostvarili značajna kulturna i umjetnička ostvarenja(Kočo Racin,Orde Petlevski,Toma Prošev i sl.).Svakako treba istaći informativno-nakladničku djelatnost u proteklih petnaeset godina pri čemu posebno mjesto zauzima tiskanje glasila Zajednice "Makedonski glas",na makedonskom i hrvatskom, kaoi i tiskanje desetak knjiga različitih autora pretežito Makedonaca( navesti točne podatke:imena autora i naslova, prema izvorima u Zajednici i Društvima!!!).

Dosadašnja iskustva pored brojnih pozitivnih pomaka bilježe i određene slabosti koje proizlaze iz nedovoljnog naglašavanja multietničkih aspekata hrvatskog društva,a i kada se to čini onda se robuje predrasudama i neznaju što dovodi do određenih socio-psiholoških frustracija kod pojedinaca ili određene manjine ,osobito onih koje nisu tako brojne i ne tendiraju ka posebnom etničko-političkom organiziranju i djelovanju.Medijsko prisustvo Zajednice Makedonaca i uopće Makedonaca je relativno dobro pokriveno osobito na HTV i Hrvatskom radiju, te lokalnom tisku ,što nije slučaj s tiskom koji izlazi u Zagrebu.Na tom planu pristna je izvjesna ironija i paradoks,jer se prenaglašava etnički aspekt kod određenih stvaraoca i daje im se samo ta naznaka,čime se stvaralaštvo kao takvo diferencira nepotrebno,jer sui generes ono je općeljudsko i kao takvo ne poznaje barijere, ovo pogotovo što se radi o građanima RH.

Manjinske zajednice kao dio opće multikulture prema svim dosadašnjim stručnim i znanstvenim uvidima i ne samo u Europi ,i pored svih asimilatorskih tenedencija ,opstaju i djeluju. Nema razloga sumnjati i u njihovu budućnost,te je stoga preporučljivo iznova osnažiti inicijative i uključivanje manjina u Hrvatskoj ,pojedinačno i zajednički, u proces učlanjivanja u Europskoj Uniji manjina kao izuzetno značajnoj karici europskih integrativno afirmativnih procesa i prakse.

Odnosi večina -manjina i manjina večina uvijek su bili i biće ovisni ne samo od stupnja razvoja demokracije već prije svega uzajamnosti i tolerancije.Prag tolerancije se najviše pomiće prema višim stupnjevima jačanjem spoznaje i edukacije da nitko nije sam na ovom svijetu,jučer,prekjučer, danas i sutra ,te da se voda i kruh prvo daju drugome pa onda sebi!Ljudski egoizam pretvoren u etnocentrizam i nacional-egoizam najveći je neprijatelj čovjeku samom.

Етно фестивал: Калдрма и String forces

# ЧАЛГИСКИ ВРЕМЕПЛОВ







Гостувањата на македонски групи во Загреб се прави реткост, затоа жалам што во иста вечер во КСЕТ настапија и Калдрма и String forces

Годинешниот Етно фестивал во КСЕТ во својата програма понуди и две групи од Македонија кои ја негуваат македонската традиционална музика. Уште на самиот влез во малиот, но симпатичен, простор без сомнение се потврди мојата теза дека хрватската публика има една слабост, наречена - македонски музика. Преполнетата сала беше добар предзнак за добра свирка и за поблиско запознавање на присутната публика со македонската чалгија.

## ПРЕКУ КАЛДРМА...

Според најавата прво настапи Калдрма, група оформена во 2003 година со желба да го обнови подзаборавениот македонски мелос. Самата група ја сочинуваат осум члена од кои шест инструменталисти и две пејачки. Нивниот настап траеше скоро еден час и за тоа време ни го претставија својот репертоар кој, најблаго речено, наликуваше на музички времеплов. Имено, тоа е музика која има длабоки корени од различни временски периоди;

комбинација од на ориентален мелос, средновековна музика со еврејски примеси, традиционален македонски фолклор зачинет со препознатливиот македонски ритам и, секако, архаичните вокали што ја носат мистиката на македонската традиција.

Сите членови, освен женските вокали, седат на столчиња за време на концертот. Таквиот начин на







музицирање зрачи со медитативност и сталоженост што ја доведува изведбата до илузија на литургиски обред. Калдрма се претстави со десетина песни кои, за неупатените, звучат доста слично. Нивната музика е едноставна и линеарна, а она по што се разликуваат песните е мелодијата и мноштвото испреплетени хармонии и повремените ефекти за кои е задолжен кларинетистот. Самата музика е со прилично бавно темпо и со елегична атмосфера. Единствено нивната последна песна таа вечер беше малку поинаква од претходните; слушнавме еден поинаков ритам, испреплетени машки и женски вокали, поинаков аранжман со кратки кларинетски делници.

Она што таа вечер, на некој начин, го расипа уживањето беше озвучувањето кое беше очајно, џагорот во салата на моменти успеваше да ја надгласа музиката. После првата песна еден од членовите на Калдрма се обиде да и објасни на публиката дека она што тие го свират е музика за душа која се слуша во тишина, музика за мерак, но тој обид не наиде на разбирање од присутната публика.

## ...ДО ЕТНО-ТРАНС

Откако Калдрма го заврши својот елегичен настап, на бината се појавија членовите на String forces во постава која ја сочинуваа: тапани, виолончело, гитара, еден чуден инструмент со дванаесет жици и пејачка која одвреме-навреме свири на флејта. За почеток на своето претставување ни ја понудија инструменталната нумера "Сенси". Во продолжение следеше "Лалето", со што во целост ја променија атмосферата од спора и тажна во разиграна и весела. Кулминацијата на самиот настап беше песната "Пролог" во која се издвои тапанарот во преден план, кој покажа дека одлично владее со својот инструмент и со електронскиот процесор што му овозможува создавање на поинакви тонови. Во својот настап, String forces, изведоа петнаесеттина песни преку кои се потврдија како модерен состав кој вешто го користи своето музичко поднебје. Слушајќи ја нивната музика, освен влијанието на македонскиот традиционален мелос, се препознаваат и елементи на најсовремените музички правци. Во нивниот стил можат да се најдат влијанија на многу познати светски автори, но сепак, String forces имаат создадено сопствен и препознатлив музички израз.

Последните неколку нумери беа целосно "изолирани" од било какви македонски етно елементи и добив впечаток дека музицира некоја комерцијална поп-група. Со тие песни атмосферата во салата се смири, за да кулминира со последната песна, "Води ме", која беше совршено финале за таа вечер.

На крајот, членовите на String forces изјавија дека им е посебно задоволство што биле гости на овој Етно фестивал и дека биле срдечно примени како од публиката така и од медиумите. Набљудувајќи ја присутната публика, само би додал дека задоволството беше взаемно.

Текст и фото: С. Дисоски

# ГОДИШНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МПЦО "СВ. ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА" ВО ЗАГРЕБ




На 26.02.2006 година во црквата Свети Рок на Роковиот перивој, по светата литургија се одржа изборно собрание на МПЦО "Св. Злата Мегленска" во Загреб.

Собранието го отвори претседателката, г-ѓа Стојанка Тежак, и откако го прочита одобрението за одржување на собранието од надлежниот епархиски Архијереј, Неговото Високопреосвештенство Митрополитот за Европа г. Горазд, ги поздрави присутните и им посака успешна работа. По извештаите за работата на црковната управа во 2005 година, дискусиите и изборот на новите членови во управниот одбор, надзорниот одбор и судот на честа, парохискиот свештеник отец Кирко Велински им се обрати на присутните со зборовите: "Од името на надлежниот Епархиски Архијереј, од името на сите верници и од мое лично име им благодарам на досегашните членови во управата, кои совесно, одговорно и со страв Божји ја извршуваа обврската која им беше доверена, а на новите им посакувам мудрост и божји благослов."

Собранието заврши во духот на евангелската љубов.

Никола Апостолов

# ПРОЧКА ВО СПЛИТ

Прочка, големи поклади или умрело дете за баничка. Седма недела пред Велигден. На 5 март во 17.00 часот, во просториите на МПЦ "Наум Охридски" се прослави овој празник како дел од иконостасните македонски обичаи. Се вели: Поубаво селото да изгори отколку адетот да се заборави. Со стисок на раце, гушкање и бакнежи се изговараа зборовите "прости ми" - нека ти е простено и од мене и од Бога. Навистина убав обичај - луѓето да се помират, да ја осетат верата и љубовта кон секој човек, а тој обичај го имаме само ние Македонците. Зар има нешто поубаво од тоа барем со мислите и обичаите да бидеме во Македонија, меѓу своите најмили? Поздрав и опростување до сите Македонци!

А. У. П.

Активностите во клубот на Илинден:

# ПРОЧКА - ВЕЛИКИ ПОКЛАДИ

На 5 април годинава, во клубот на Илинден е организирано дружење и собир на членовите, како би го одбележале празникот ВЕЛИКИ ПОКЛАДИ, кој народот најчесто го нарекува ПРОЧКА.

Прочка според православниот календар е седум недели пред Велигден и ден кога се почнува со постот, последен ден пред Великите пости. Прочка е убав обичај кај нашиот народ. На овој ден младите одат кај своите родителите, кај постарите браќа и сестри, комшиите, за да барат прошка. Луѓето опростени и ослободени од гревовите влегуваат во Великите велигденски пости телесно и духовно, со смирени срасти, ослободени од лоши мисли, зборови, дела... По смирувањето на страстите тие се исчистуваат и преобразуваат во добродетели.

Клубот на Илинден оваа година беше исполнат со членовите. Вообичаено е секој на вакви собири да донесе по нешто за пиење и јадење, па така масите беа богати. При влегување во клубот, со поздравот се започнуваше со проштевањето, се бараше прочка со зборовите "молам за прочка", а одговорите беа "простено тие од мене и од Господ"..

Овие меѓусебни разговори кај многумина главно беа изразени со шеги, а вечерта малку по малку стануваше сè повесела, па веселбата со македонската народна музика, песните иората траеше скоро до полноќ.

В. Настески

# МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА УЧЕСТВУВАШЕ НА ДВОДНЕВЕН СИМПОЗИУМ ВО ЗАГРЕБ

Загреб: На 10 и 11 март годинава, во организација на Светската религија за мир, во Загреб се одржа дводневен интернационален симпозиум на тема "Современост на дијалогот", на кој учествуваше и Македонската Православна Црква.

Симпозиумот го отвори министерот за култура, м-р Божо Бишкупиќ, а учествуваа претставници од Исламската верска заедница, Еврејската верска заедница, Католичката Црква и Православната Црква која беше претставувана од протоѓаконот д-р Ратомир Грозданоски, секретар на Светиот Архијерејски Синод на Македонската Православна Црква и професор на Теолошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје.

На 12 март, недела на Православието, протоѓаконот богослужеше на светата Литургија со парохискиот свештеник, отец Кирко Велински, во црквата Св. Рок, на која голем број верници ја примија светата тајна причест.

На крајот од Божествената Литургија, отец Велински на верниците им го претстави својот почитуван професор. А откако протоѓаконот духовно го поткрепи верниот народ со објаснување за значењето на празникот, ги пренесе поздравите од поглаварот на Македонската Православна Црква, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски, г. г Стефан и надлежниот Митрополит за Европа, г. Горазд, му посака уште многу успеси на Управниот одбор, како и мир, љубов и единство на сите Македонци.

На светата литургија, покрај многубројниот верен народ, присуствуваа и министерот советник во амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, господинот Стојан Руменовски, поранешниот амбасадор на Р. Хрватска во Ватикан и г-ѓа Марија Знидарчиќ, претседател на Христијанскиот мировен круг и член на Бискупската конференција за екуменизам и дијалог.

Претседателката на МПЦО "Св. Злата Мегленска", г-ѓа Стојанка Тежак, во знак на благодарност и молитвено сеќавање на протоѓаконот д-р Ратомир Грозданоски од името на Управниот одбор му ја подари книгата "Екуменска трилогија".

Пред заминување професорот имаше кратко дружење со управниот одбор, кое заврши во духот на евангелската љубов.

отец Кирко Велински

# ИНТЕРПУНКЦИЈА (продолжение)

## ПРАШАЛНИК (?)

Прашалник се пишува зад независни прашални реченици, зад прашален збор и израз:

Зошто да чекаме до утре? - Имаш ли на ум? - Па што?

Кога идат повеќе прашални реченици едноподруго, тогаш обично зад последната пишуваме прашалник, а нив ги одделуваме со запирки.

Љубена, нели не сум одљубеник твој, мора ли смртта разљуба да се смета?

Меѓутоа, можеме во низата на прашални реченици и зад секоја од нив да ставиме прашалник, ако сакаме да ги истакнеме:

Зошто да се мачите? Зошто да страдате? Зошто? - ги убедуваше Ставре.

Зад прашалникот, по правило, се пишува голема буква. Но ако прашалните реченици се кратки и се тесно сврзани во една поголема целина, тогаш зад прашалникот се допушта и мала буква:

Кај ли сум? зошто сум? - Јас ќе то откријам ли? без сили?

Зад зависнопрашалната реченица, кога иде по главната, не се пишува прашалник:

Прашајте го како го поминал распустот.

Ако зборовите во прашањето точно се приведуваат и се ставаат меѓу наводници, тогаш зад таквото прашање се пишува прашалник:

Третото прашање гласеше: "Се сеќаваш ли на првиот напишан текст? А на првиот објавен?"

Пишуваме прашалник во загради кога сакаме да искажеме сомнение или недоумение поради кажаното во текстот што го цитираме:

Рецезентот вака го започна својот приказ: "Во тие свои есеи авторот дубиозно (?) ги проанализирал одделните литературни пројави во современата македонска литература."

Ако не сме сигурни во она што го тврдиме, можеме тоа да го обележиме со прашалник:

Кај Рацина среќаваме и (од него образувана?) форма "христијанец".

## ИЗВИЧНИК (!)

Извичник се пишува зад извични реченици, зад изрази и зборови кажани во возбуда (за да се означи заповед, засилено чудење, протест, силна желба, радост, очај и сл.):

Ти си ми, родно село, најмилото катче на светов! - Не! Не пади ме, мајко!

За да се посочи извонреден степен на возбуда (чудење и сл.), можат да се стават зад извични реченици, извици и изрази и по два извичника:

Браќа, нема чекање!! Утре може да биде доцна!!

По обраќања во почетокот на реченицата се пишува извичник ако се тие искажани со повишен тон:

Младино на Македонија! Ти си надежта наша!

Ако во извичната реченица, во извикот и изразот што ги изговараме со повишен глас, едновремено и се прашаме, тогаш пишуваме извичник и прашалник еднододруго:

Очиве ми се смеат - како да не бидам луд!?

Ако чувствуваме дека во реченицата, во извикот и изразот е посилна прашалната нијанса, пишуваме прво прашалник, па извичник; ако е посилна извичната нијанса, пишуваме прво извичник, па прашалник.

За да го изразиме своето чудење, револт, иронија и сл. кон она што се кажува во цитатот што го приведуваме, ставаме зад него извичник во загради:

Во учебникот има невкусни примери како: Татко му на ова момче работеше во Патагонија (!) и во други земји. - Преведувачот не знае добро македонски: за него "ластарест" е "кошчат" (!), "се опревме на него" го предава со "одупрли (!) смо се њему" итн.

Марија Георгиева-Петриќ,
судски
преведувач за македонски јазик

(Според Правописот на македонскиот литературен јазик, Скопје 1999)

# РАТКО ДИМОВСКИ

Ратко Димовски е член на МКД "Кочо Рацин" во Пула и постојан соработник на "Македонски глас"од Пула и Истра. Роден е на 14 август 1942 година во Битола. Образованието му било насочено кон техниката и технологијата, па го завршил Хемиското техничко-технолошко училиште во Велес и студирал на Технолошкиот факултет во Загреб. Но, отсекогаш бил опседнат со своите преокупации: прекуокеанските пловидби, новинарството и литературата.

Првата статија, според неговите зборови, му датира од март 1957 година, кога во списанието "Трудбеник", под менторство на главниот уредник Боро Петковски, го напишал текстот "Некои образовни прашања и проблеми". Резултат на овој негов новинарски труд беше - недоволен по поведение и исклучување од училиштето. "Можеби од тој момент, поради поддршката на сите новинари за мене, со која ме вратија во училиштето, уште повеќе го засакав новинарството. Тоа ме водеше низ редакциите на "Млад Борец" ,"Студентски збор" , "Вечерњи лист", "Вечер", Втората програма на Радио Пула и уште некои списанија", се потсетува сега Р. Димовски. Некако во исто време, под "патронат" на Јово Камберски и Дарко Дамевски, го пишува својот прв литературен труд - филмскиот расказ "На прекретницата". Тоа ќе го одведе до Петре Прличко и Илија Милчин, кои му ги даваат своите насоки кон театарската уметност, па тој од 1961 до 1963 година ќе биде член во младинската драма при Велешкиот театар. Во 1964 година во Загреб Димовски го основа Филмскиот академски клуб на студентите "ФАКС", во кој организира трибина за филмското образование, а во јуни истата година го снима кусометражниот документарен филм "Младост на траси".

Низ цело тоа време пишува песни, есеи, новели и раскази, најмногу за редакциите во кои соработува или за пријателите и друштвата низ кои се движи. Две години подоцна му се укажува прилика за патување со бродот "Блед" за Африка, а потоа следат "Бочна" и "Бовец", сите на "Сплошна Пловба" од Пиран. Патувањата му даваат поттик и инспирација за поактивна работа. Од 1969 година па сè до 1989 година редовен е известувач за своите редакции од Струшките вечери на поезијата. Првата стихозбирка "Распони" ја објавува во 1999 година во Пула, а по неа, во 2000 година, следи "Арматура", за кон крајот на следната година да издаде двојазичната стихозбирка на македонски и хрватски јазик "Тра монтана". По две години, во издание на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, го објавува својот прв двојазичен роман "Калинка Нар", а минатата година ја издаде стихозбирката "Одрази" со прилог од своето творештво на македонски јазик.

Автор е на неколку текстови на песни, од кои едната, "Менулице", во аранжманот на Бруно Крајцар ја пее женската вокална група "Теранке" од Пула.

## ВЕКОВИ

Писоци и пранги
железни белегзии,
стегаат до солзите.

Векови минуваат,
молчаливи, темни,
јавачи на тилот.

Тежат на плеќите,
стежнале на вратот.
Главата горе!

Ој Македонијо
убавице од кории
и бистрите езера!

Остај го огледалото!
Крени ја главата,
погледни го сонцето!

Со векови чекано.
На твоето знаме,
со злато извезено.

## АЛОШ

Што велат лош?
Од лош, полош!
Речи си најлош.

Срцето, мермер,
главата, ништо,
душата чемер.

Што рече, кодош?
Не толку лош...
но од лош, полош.

## ПОМИНАВ

Поминав со мракот,
низ сенките темни
осветлен и огреан.

Замислен, загледан
под прозорецот
а внатре врева.

Наздравување
музиката свиреше
срцето ќе ми пукнеше.

Зарем секогаш,
секогаш да задоцнам,
за цел еден живот?

Ништо не ми збори!
Вистина ли беше,
тоа што го стори?

# ZAJEDNICA HRVATA U REPUBLICI MAKEDONIJI PREDSJEDNIK ZAJEDNICE IVAN ŠIŠAK

Zadnjih nekoliko godina zamrla je suradnja Zajednica Makedonaca u Hrvatskoj i Hrvata u Makedoniji. Prigoda da se ta suradnja oživi bila je organizirana manifestacija "Tjedan Hrvata iz Makedonije" u Zagrebu, u rujnu 2005. godine i ponovni susret u Skopju s predjednikom Zajednice, Ivanom Šiškom. U kratkom razgovoru zamolili smo predsjednika Šiška da Zajednicu Hrvata u Makedoniji predstavi čitateljima "Makedonskog glasa" i iznese svoju viziju buduće suradnje naših dviju Zajednica.

Koji su bili sudbinski putovi Ivana Šiška, rođenog Dalmatinca u Dubravicama kraj Skradina, 1944. godine, da postane građaninom Skopja? Diplomiranom pravniku, predstavniku hrvatskih tvrtki u Makedoniji od 1962. godine i supruga Zlata, Makedonka, dovoljan su razlog za to. Član je inicijativnog odbora i predsjednik Skupštine koja u siječnju 1996. godine utemeljuje Zajednicu Hrvata u Makedoniji. Aktivno sudjeluje u njenom radu na promidžbi hrvatskih interesa, identiteta i kulture u sredini gdje živi. Zbog njegovih postignutih rezultata u promicanju hrvatske kulture u Makedoniji predjednik dr. Franjo Tuđman odlikovao ga ordenom "Redom hrvatskog pletera". Priman je kod predjednika Stjepana Mesića i premijera dr. Ive Sanadera. Dva puta obraćao se zastupnicima Hrvatskoga sabora. U Veleposlanstvu Republike Hrvatske u Skopju bio je član komisije za sprovođenje izbora. Sada obnaša drugi mandat predsjednika Zajednice Hrvata u Makedoniji.

Zamolili smo Ivana Šiška za kratak razgovor.

**MG:** Zajednica Hrvata u Makedoniji predstavila se u matičnoj državi, u rujnu 2005. godine, manifestacijom "Tjedan Hrvata iz Makedonije" pod visokim pokroviteljstvom predsjednika RH Stjepana Mesica. Tko je bio organizator te manifestacije?

**Šišak:** U znak poštovanja prema Zajednici Hrvata u Makedoniji i njenom uspješnom djelovanju, tradicionalni "Tjedan hrvatskih nacionalnih manjina", ove je godine bio posvećen Hrvatima iz Makedonije. Organizator ove manifestacije bili su Hrvatska matica iseljenika i njezin Odjel za manjine u suorganizaciji grada Zagreba i Zajednice Hrvata u Makedoniji.

**MG:** Vašim bogatim kulturno - umjetničkim programom i društvenim sadržajem upoznali ste širu hrvatsku javnost. Predstavite nam organizaciju Vaše Zajednice u Makedoniji u njeno desetogodišnje djelovanje! Koje obveze sadrži funkcija predsjednika?

**Šišak**: Zajednica Hrvata u Makedoniji utemeljena je 19. siječnja 1996. godine i uskoro ćemo svečano proslaviti 10. obljetnicu našeg rada. Sjedište Zajednice je u Skopju, a njeni su ogranci u Bitoli, Štipu, Ohridu- Strugi a uskoro i u Tetovu. Prema Statutu Zajednice njeni su članovi državljani R.Makedonije, etničkog hrvatskog podrijetla a prijatelji - članovi mogu biti i ostali građani i počasni članovi o kojima odluku donosi Skupština Zajednice.

Predsjednik rukovodi Zajednicom suglasno s Ustavom i drugim pozitivnim propisima R. Makedonije i Statutom Zajednice. Predlaže program rada i odgovoran je za materijalno-financijsko poslovanje. Bira ga Skupština s mandatom od dvije godine i s pravom jednog reizbora.

**MG**: Upoznajte naše čitatelje s djelokrugom rada Zajednice i vašim glasilom "Hrvatska riječ"?

**Šišak**: Zajednica okuplja građane R. Makedonije, hrvatskoga etničkog podrijetla, radi očuvanja kulturnih i duhovnih vrijednosti hrvatskoga naroda, hrvatskoga jezika, očuvanja i njegovanja hrvatske književnosti, glazbe, umjetnosti, folklora i drugih hrvatskih obilježja. Razvija makedonsko-hrvatske kulturne i duhovne veze, širi prijateljstvo i suživot s građanima i institucijama R. Makedonije. Zajednica svečano obilježava državne blagdane Makedonije i Hrvatske. Organizira tribine s temama o zajedničkom interesu u sferi obrazovanja, kulture, znanstvenog, gospodarskog i sportskog života.

Organizira nastavu hrvatskoga jezika u Skopju, Bitoli i Štipu. Postoji dramska i literarna sekcija, glazbeni zbor "Dobra volja" i malonogometni klub "Lijepa naša". Ima knjižnicu i izdaje svoje glasilo "Hrvatska riječ", koje se tiska 4 puta godišnje na hrvatskom jeziku.

**MG**: Imate li podatak koliko Hrvata živi u Makedoniji i koliko je njih uključeno u članstvo i rad Zajednice?

**Šišak**: Prema poslijednjem popisu u Makedoniji živi 2686 Hrvata. Međutim, našim ispitivanjem imamo saznanje da ima oko 5000 Hrvata, ali neki od njih nisu se , iz raznih razloga, opredijelili za hrvatsku nacionalnost.

Naša Zajednica ima 986 članova i pripadamo skupini najbrojnijih udruga građana u Makedoniji.

**MG**: Jesu li Hrvati u Makedoniji priznati kao nacionalna manjina kao što su Makedonci u Hrvatskoj?

**Šišak**: Nažalost, mogu reći da Hrvati u Makedoniji do sada nisu priznati kao nacionalna manjina. Nadamo se da ćemo uskoro i mi ostvariti to pravo koje imaju Makedonci u R. Hrvatskoj. Neovisno o tome, želim posebno naglasiti, da smo mi Hrvati kod makedonskoga pučanstva i vlasti vrlo cijenjena etnička zajednica. S ponosom ističem da je simpatično biti Hrvat u Makedoniji. Hrvati su lojalni i odani građani novoj domovini Makedoniji, šire prijateljstvo sa svim narodima. Naše dvije države i narodi kroz povijest, pa i danas, imaju prijateljske odnose. Ponosni smo sa sadašnjim Vladama obiju naših domovina koje su nas približile Europskoj zajednici naroda.

**MG**: Tko financira rad Vaše Zajednice?

**Šišak**: Budući da u državnom proračunu R. Makedonije nije predviđena stavka za financiranje etničkih udruga, naša Zajednica nema financijsku potporu Vlade za naše djelovanje. Uglavnom se samofinanciramo članarinom naših članova. U prošloj, 2005. godini, Vlada R. Hrvatske financirala je rad naše Zajednice s 6000 eura, što je nedovoljno za naše aktivnosti. Ovom prigodom moram napomenuti da je prošle godine državna delegacija R. Hrvatske na čelu s premijerom dr.Sanaderom posjetila R. Makedoniju. Organizirali smo susret nas Hrvata s hrvatskom delegacijom. Izložili smo naš položaj i način življenja u Makedoniji, komparirajući ga s pravima makedonske nacionalne manjine u Hrvatskoj, zalažući se za reciprocitetni odnos. Taj je susret urodio plodom. Makedonska Vlada je netom uputila našoj Zajednici financijsku pomoć od deset tisuća eura.

**MG**: Iznesite nam Vašu viziju suradnje naših dviju Zajednica na kulturno-umjetničkom planu?

**Šišak**: Naša Zajednica, a i ja osobno, želimo potaknuti suradnju naših dviju Zajednica na kulturnoj, umjetničkoj i na ostalim razinama. U tom pogledu upravo sam uputio predsjednici Vaše Zajednice, Slavici Sagadin, pismeni prijedlog za suradnju koji će biti u korist i obostrano zadovoljstvo. Nadamo se i pomoći novog veleposlanika R. Hrvatske u R. Makedoniji, Ive Kujundžića, kao i novoizabranog biskupa Katoličke crkve u Makedoniji, prvi put Makedonca, dr. Kire Stojanova, kod kojih smo kao delegacija Zajednice bili primljeni na razgovor.

"На редакцијата на Вашето списание "Македонски глас" и на Вашите почитувани читатели упатувам срдечни поздрави од Македонија".

Марко Паризоски

# MTV ŽELI OBJAVITI MOJ ALBUM

Pjevač među ljepoticama - Toše Proeski nedavno je snimio video-spot za pjesmu „Žao mi je" u društvu nekoliko misica, a među njima se našla i aktualna Miss Hrvatske, Maja Cvjetković. Ljubimac djevojaka na području ex Jugoslavije poznat je i po svojemu duetu s kraljicom romske glazbe Esmom Redžepovom. Riječ je o pjesmi „Magija" za koju su Esma i Toše svojedobno snimili videobroj u tipičnom romskom naselju u okolici jednog skopskog rudnika.



Najveća makedonska glazbena zvijezda, 25-godišnji Toše Proeski, jedan je od gostiju na aktualnoj turneji Tonyja Cetinskog s kojim je snimio duet „Lagala nas mala". Poznanstvo hrvatskog pjevača i simpatičnog Makedonca sjajnih vokalnih sposobnosti počelo je susretom na festivalu u Bihaću, nastavilo se prijateljstvom i vokalnom suradnjom čija izvedba uživo, kao što je to bio slučaj na nedavnom splitskom koncertu Tonyja Cetinskog, izaziva delirij u publici, poglavito među pripadnicama ljepšeg spola. Vlasnik velikog hita „Čija si" („Ko ti to grize obraze") koji je za hrvatsko tržište objavio album „Pratim te" u izdanju Dallas Recordsa, gostovat će 28. veljače i na zagrebačkom koncertu Tonyja Cetinskog.

### ŽIVOT U AVIONU

- Stvarno mi je velika čast što mogu pjevati s Tonyjem, premda u posljednje vrijeme živim prilično intenzivno. Ma, zapravo živim u avionu. Evo, sad sam u četiri dana bio u četiri države - Engleskoj, Hrvatskoj, Sloveniji i Bugarskoj. Velika je to žrtva, jer mi od napora strada glas - skromno će Makedonac rođen u Kruševu, koji je vokal usavršio na Glazbenoj akademiji u Skopju. Toše ima puno ponuda i za operne uloge, pjevao je u „Traviati" i „Turandotu", ali malo pauzira s kazalištem jer ne može sve stići, opravdava se samozatajni pjevač kojega je hrvatska publika do sada imala prilike vidjeti i čuti u nekoliko TV nastupa, kao i na Tonyjevom humanitarnom koncertu u Umagu. Premda je osvojio publiku u državama bivše Jugoslavije, čini se kako u Hrvatskoj, u odnosu na Srbiju, Sloveniju i BiH, i nije bio previše angažiran.

- Malo sam vremena posvetio hrvatskom tržištu, jer ga naprosto nemam. Trenutno snimam album na engleskom, u pregovorima sam s londonskim MTV-jem čiji su ljudi vrlo zainteresirani za taj materijal. Ali ne bih volio previše govoriti o tome dok ne potpišemo ugovor, samo znam kako ga jako želim snimiti i da ću se jako potruditi. U pitanju je suradnja s inozemnim producentima, no još nismo počeli snimanje, ali smo prikupili skladbe i to najprije one stranih autora. Dakako da bih volio kada bi se na tom engleskom albumu našle i pjesme skladatelja s ovih područja. No, tko zna što će biti od svega toga - oprezan je Toše napominjući kako bi s MTV-jem trebao potpisati petogodišnji ugovor. Pritom otkriva kako su ga inozemni diskografi zamijetili tijekom nastupa na Pjesmi Eurovizije u Istambulu prije dvije godine kada je predstavljao Makedoniju s pjesmom „Life".

### LOBIRANJE NA EUROSONGU

- Smatram da mi je Eurosong pomogao, premda se u principu radi o velikoj zabavi na kojoj je vrlo važno lobiranje. Uistinu je riječ o pozitivnom iskustvu, primijetio sam to po količini ljudi koji me prepoznaju nakon nastupa na Pjesmi Eurovizije. Tu su na neki način dobili informaciju o meni, to im je bio prvi kontakt s onim što radim, pa čak, eto, i u slučaju ljudi iz londonskog MTV-ja - kaže makedonski pjevač koji nakon snimanja albuma na engleskom jeziku u svibnju planira krenuti na veliku turneju sa Simfonijskim orkestrom po državama bivše Jugoslavije.

Mirela Goreta
Studio, petak, 24. veljače 2006.

# 8 МАРТ ПРОСЛАВЕН СО ЦВЕЌИЊА И ПОДАРОЦИ



МКД "Кочо Рацин" - Пула

**Сплит**: Меѓународниот ден на жената Сплит го слави континуирано. Годинава, жените членки на МКД "Македонија" тој ден на вратата од просториите на клубот ги дочекаа црвени каранфили и трендафили со честитката "Нека ви е честит празникот", а во позадината се лелееше тивка македонска песна.

Потоа, краток приказ за историјата на овој празник прочита Венка Џанко, по што следеше македонската песна, која спонтано ја прифатија членките на пеачката група, но и сите други присутни. Играорците уште еднаш покажаа што знаат, а настанот го овековечи фото - секцијата. На пригодата не недостасуваше јадење и пиење, за што се погрижи домаќинската секција, под водство на тетка Љубица Миочиќ, па прославата мина во весела и опуштена атмосфера.

А. У. Перета

**Пула**: Денот на жената, 8 Март, и оваа година беше прославен во просториите на МКД "Кочо Рацин". Прославата ја отвори претседателката на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и на Пулското друштво, госпоѓата Славица Сагадин. Поздравувајќи ги присутните, таа накусо говореше за историјата на женските револуционерни движења, но и за жената како мајка, сопруга, работничка и нејзиниот работен и општествен статус. "Сепак, денес многу нешта се променети, па како ми се чини во последниве години - жената е во тренд! Денес можеме да ги толкуваме светските процеси во кои низ изборните и други облици на општествените промени жените ги заземаат врвните позиции на управување во државите, политиката, дипломацијата, културата, науката и во сите сфери на општеството", рече Сагадин.

Р. Димовски

**Риека**: Управниот одбор на МКД "Илинден" од Риека на 8 Март во клубот на Илинден организираше средба во чест на "Денот на жените", па ги повика своите членки на одбележување на нивниот празник. «Целта ние и оваа година на нашите жени да им укажеме малку внимание со скромен подарок од пролетно цвеќе. Затоа, во нашиот план и оваа година предвидовме скромни средства за овој ден, како за цвеќе и за мала закуска во клубот - ни изјави претседателот на ова друштво, Илија Христодулов.

Во Риека во многу здруженија, работни организации, домови, но и на Риечкото корзо, тој ден беше искажувано должното внимание кон женскиот пол, најчесто со каранфили или ружи. Во клубот „Илинден" повеќе од триесеттина жени добија по саксија јагличиња, а вечерната забава беше добро подготвена и организирана. Атмосферата беше весела, а се играше и пееше скоро до полноќ.

В. Настески

# ТРИ ДРЕВНИ ПРИКАЗНИ

Неодамна Театарот за деца и младинци од Скопје ја оствари премиерата на претставата "Три древни приказни". Зошто овој настан е интересен за нашево списание? Затоа што тоа е прва соработка на овој театар со хрватски автори и уметници.

„Три древни приказни" ја има напишано Ивана Брлиќ Мажураниќ, ја режираше и драматизираше Горан Головко од Сплит, костимите ги осмисли Марија Жара, а музиката ја напиша Арсен Дедиќ. Оваа успешна театарска претстава, која наиде на одличен прием кај публиката, а доби и високи оценки од критиката, ја потпишуваат и: сценографија - Љубомир Чадиковски, превод на текстот - Јелена Лужина и Лилјана Мазова, препев на песните - Васил Пујовски, а во неа играат артистите: Олгица Христовска, Владимир Лазовски, Елена Трајковска, Драган Довлев, Тања Кочовска, Катарина Илиевска и Предраг Павловски.

Се надеваме дека "Три древни приказни" наскоро ќе ја видиме и во Хрватска, а дотогаш погледнете ги фотографиите од скопската премиера.

М.А.В.





# МОРИ МОМЕ, МАГДЕ




Мори моме Магде, умирам за тебе, х2
заврти се мила Магде ај заљуби мене
се заради тебе Магде изгубив цел век.

Руса коса имаш, свети како флорин, х2
заврти се мила Магде ај заљуби мене,
се заради тебе Магде изгубив цел век.

Црни очи имаш, дај ми ги на мене, х2
заврти се мила Магде ај заљуби мене,
се заради тебе Магде изгубив цел век.

Рамна снага имаш, дај да ти ја кршам, х2

# СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР



| РОПЕ | РУСКИ ПИСАТЕЛ (ФОТОС) | КОЊУШНИЦА | С | ГЕРМ. ФИЗИЧАР | РАЗНЕСУВАЧ НА СЛУЖБЕНА ПОШТА | КЕФАЛО | РОМАН ОД ПИСАТЕЛОТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МАЛТА | | ТЕЧЕНИЕ / НАША ПЛАНИНА | | | | ТАЈЛАНД / ТОРБИЧКИ ЗА ДРЕБОЛИИ (ФРАНЦ.) | | | | | | |
| ШПАНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРКА, ДОЛОРЕС | | | | | | | | | | | | |
| ПОЕТОТ ХАЈНЕ | | | | | | | | | | | | |
| СТАРА АРАПСКА ДИНАСТИЈА | | | | | | | | | | | | |
| ИЗАБЕЛ АЏАНИ | | | ТЕРЦЕТ / ЛАНТАН | | | | | | | | | |
| ЛИТАР | | МУЗИЧКА НОТА / ГРЧКИ | | | КИЛОТОН | | | КОШ | ИНТРИГА | ИТАЛИЈА | ИЗОБЛИЧЕНО, ДЕФОРМИРАНО ПРИКАЖУВАЊЕ НЕШТО | К |
| ВРХОВНО КОМАНДНО ТЕЛО | | | | | ОПШТИНА (ТУР.) / ВИД ТРУПКА | | | | | | Ј | |
| АВИОНСКИ ЗНАК ЗА АВСТРИЈА | | | ПАСТИРСКА ПЕСНА / СУДИР (ЛАТ.) | | | | | | | ОСТРОВОТ НА ОДИСЕЈ | РЕНДГЕН / НАСИЛНИК | |
| АНГЛИСКИ ФИЛОЗОФ, ЏОН | | | | УШНИ КАМЧИЊА / ГЛАВЕН ГРАД НА ЛЕТОНИЈА | | | | | | | | |
| ОДЕЖДА | | | | | | ЕДИНСТВЕН ПРИМЕРОК | ГЕРМ. ТРЕНЕР, УДО / МУЗИЧКА НОТА | | | | | |
| АМЕР. ФИЛМСКИ ГРАД | | | | | | | | ГРАД ВО ГРЦИЈА, НА П-ОСТРОВОТ АТИКА | | | | |
| ВИД ЗАЧИН | | | | | | | | ГРАД ВО ИНДОНЕЗИЈА / СЕКРЕТАР НА ОН, | | | | |
| К | | | | | | | АМАЗОНСКИ ПАПАГАЛ / ШВЕДСКИ ЗИМСКИ ЦЕНТАР | | | | | |
| НАЈГОЛЕМИ И НАЈ-ОДДАЛЕЧЕНИ ВСЕЛЕНСКИ ФОРМАЦИИ | КЛИНТ ИСТВУД / НОБЕЛИУМ | | | ОСВЕТЕНА СЛИКА / ПЛАТА, НАГРАДА (ТУР.) | | | | | | ИСАК ЊУТН / ПРВАК | | |
| РЕКА ВО САД (ВОДОПАДИ) | | | | | | | | | ВИД ПЛАТНО / НУЛА | | | |
| ИНВАЛИДИЗИРАНОСТ | | | | | | | | | | | | КЕФАЛО |

ПОТСЕТНИК: ЕРНСТ АБЕ - германски физичар; ВАРИ - град во Грција; ЕКОР - град во Шпанија







CROATIA AIRLINES



PACK SHOP

# ВОСКРЕСЕНИЕ ХРИСТОВО – ВЕЛИГДЕН

Светата Црква, на овој голем празник, не повикува духовно да се радуваме и веселиме, зашто: "Овој ден го создаде Господ да се радуваме и веселоме во него...." (Пс. 117, 24).

Па, да ја послушаме оваа света порака и да бидеме духовно радосни и весели. Синот Божји воскресна од мртвите и затоа "нека се весели небесата, а земјата нека торжествува, нека се брануваат морињата и сè што ги исполнува, нека се радуваат полињата и сè што е во нив" (1. Лет. 16, 31-32). А заедно со сето тоа да се радуваме и сите ние, да се веселиме, зашто Синот Божји, Господ Исус Христос, воскресна од мртвите и со тоа смртта ја победи.

Празнувајќи го Христовото воскресение, во овој "Ден, над деновите и Празник над Празниците", во исто време се потсетуваме на причините за доаѓањето на Синот Божји на земјата, си спомнуваме за Неговиот живот меѓу луѓето, за Неговиот живот на земјата, за Неговата наука, за Неговите страдања, погребението и за неговото сепобедно воскресение. Со овој настан направен е пресврт во историјата на светот и човекот. Со Христовото воскресение – воскресна за живот сето она што со Адамовиот грев ја вкуси казната на смртта, зашто како што по Адама сите умираат, така и по Христа сите ќе живеат (1. Кор. 15, 22) Со Христовото воскресение се обнови и загубената блискост меѓу Бога и човекот, меѓу небесата и земјата.

Христовото воскресение е камен темелник врз кој почива нашата вера. Тоа е потврда и за нашето воскресение. Свети апостол Павле вели дека Оној, Кој Го воскресна Исуса Христа и нас ќе нè воскресне преку Исуса (2. Кор. 4,14), и "Аако Христос не воскреснеше, тогаш ќе беше празна нашата проповед, а празна ќе беше и вашата вера" (1. Кор. 15, 14).

Затоа, овој Голем ден ги содржи сите радости на нашата вера. Синот Божји, Господ Исус Христос, воскресна, а тоа значи дека сме спасени, зашто Господ е Оној, Кој спасува.

Радоста, е најголемата вредност на човековиот живот, затоа сите ја бараме и копнееме по неа. Без радост животот е празен и здодевен. Има радости земни и привремени, но има радости и духовни и вечни. Нашата душа ги бара вечните радости кои можеме да ги имаме само преку нашата света вера.

И таа радост што извира од верата во воскреснатиот Господ го водеше да истрае нашиот народ во сите страдања, во сите ропства и во сите тешки денови, но таа



радост нè крепи и сега да истраеме кога македонската држава и Македонската Православна Црква го бараат заслуженото место во светот. Токму со таа велигденска радост се надеваме во победа на љубовта, мирот и вечната правда.

Во овие светли и радосни спасителни денови, мислите наши исцело нека бидат упатени кон воскреснатиот Спасител Исус Христос. Со длабока смиреност да застанеме пред величието на неговата Божествена љубов и заедно со целата Црква да го прославиме Неговото победоносно воскресение.

Воскресението Христово нека го осветли сиот свет, нека ги просвети умовите и облагороди срцата на луѓето за разбирање меѓу народите.

Воскреснатиот Господ Исус Христос нека благослови да бидеме со едно срце и една душа, па да живееме во мир и љубов.

Благословот Божји и Неговата љубов, милосрдието, кроткоста и долготрпеливоста, нека пребиваат во сите нас преку сите денови од нашиот живот.

отец Кирко Велински

# ПРОСТУВАЊЕТО – ИЗРАЗ НА ЉУБОВТА

Пред почетокот на големиот пост постојат четири недели кои Црквата ги востановила како подготвителни недели, кои сите верни и смирени, покајани и очистени од гревот и соединети со живиот Бог, ќе ги воведе во свечено славење на Воскресението – празникот над празниците, со кој Господ, за цела вечност го потврдил своето божествено и искупително доаѓање во нашата долина на плачот и воздишката.

Тие подготвителни недели се: Недела на митарот и фарисејот, Недела на блудниот син, Месопусна недела и Недела сиропусна или уште наречена прочка, односно недела на простувањето, која има за цел да научиме дека простувањето е израз на љубовта и дека вистинскиот збор е достоен за секаква пофалба, зашто кој простува – тој и љуби! Кој љуби тој е од Бога и Бог е во него. Затоа и во нашиот народ постои оној свет обичај, по светата богослужба, во храмот, во домот на вечно живиот Бог, еден на друг да си стиснеме рака и со христијанско целивање да си ги простиме навредите, пакостите и омразата, лошите дела и лошите постапки и секое однесување што е под човечкото достоинство.

Отец Кирко Велински









## ПИТА СО ГРАВ, ПРШУТА И КАШКАВАЛ

Потребно е (за 8 лица):
За тестото:
400 гр. брашно
200 гр. путер
смеса од ароматични тревки
мајоран
мајчина душичка
магдонос
рендан пармезан
сол
црн пипер во зрно

За филот:
900 гр. грав
200 гр. овчи кашкавал
150 гр. павлака
120 гр. пршута
4 мали главици кромид
путер
сол
мелен црн пипер

Подготовка:

Врз рамна површина ставете го брашното и направете вдлабнатина во средината. Во неа додајте го путерот, малку сол, мелениот црн пипер, една лажичка иситенти ароматични тревки и половина од ренданиот кашкавал. Замесете го тестото со 100 гр. млака вода, па потоа ставете го во фрижидер. Младиот грав извадете го од светлозелената кожичка. Исчистете го и исечкајте го кромидот, па пропржете го на путер. Потоа додајте три четвртини од гравот и полијте го со павлаката разматена во малку вода. Кога павлаката ќе се растопи во водата, посолете го гравот, ставете бибер и изматете го во форма на пире. Тестото што стоело во фрижидерот расукајте го во кора со дебелина од 3 сантиметри и ставете го во тава за печење бр. 28. Остатокот од тестото отсечете го, повторно замесете го и расукајте го. На дното на тестото распоредете го целиот грав, заедно со пршутата и кашакавалот исечени на коцки, а над нив ставете го пирето од гравот. Питата покријте ја со остатокот од тестото и зацврстете ги неговите рабови. Ставете ја во рерна загреана на 200 степени и печете ја 50 минути. Откако ќе се испече, се препорачува питата да отстои десеттина минути.

## СУПА ОД ЦЕЛЕР



Потребно е (за четири лица):
600 гр зелен целер
1 мала главица кромид
три лажички брашно од ориз
1,3 л. пилешка супа
4 лажици рендан кашкавал
8 парчиња тост
3 лажици павлака
4 лажици маслиново масло
сол
црн пипер

Подготовка:
Измијте го и исечете го целерот на парчиња. Кромидот ситно исе_кајте го. Загрејте го маслото во еден сад, па на него испржете го целерот и кромидот. Додадете го оризот и една црпалка супа, па мешајте за да не се создадат грутки. Потоа, додадете ја целата супа и оставете ја да зоврие, па варете ја на тивок оган 30 до 40 минути. Кога ќе се свари извадете го целерот и изматете го со миксер, а супата ставете ја уште еднаш да зоврие. Додајте ги павлаката и кашкавалот, измешајте ги со виљушка, ставете сол и пипер и сервирајте ја супата со парчињата тост.

## СВИНСКО СО ЈАБОЛКА

Потребно е (за 4 лица):
600 гр. свинско каре
50 гр. сланина
3 мали јаболка
1 главица кромид
ѓумбир
3 гранчиња мајчина душичка
половина литар супа од зеленчук
1 лажица масло
Вегета
сол

Подготовка:
Излупете го кромидот и исечете го на ситни парчиња. Свинското каре исечете го на парчиња со големина од 2-3 цм. Загрејте го маслото во тава и ставете го кромидот, ѓумбирот, сланината исечена на коцки и пржете ги на тивок оган неколку минути. Додајте го месото, зголемете ја темепературата и пржете го сè додека не зарумени. Излупете ги јаболката, исечете ги на коцки и додајте ги на месото, посолете ги, ставете ги гранчињата мајчина душичка и полијте ги со зеленчуковата супа. Поклопете ја тавата и варете уште 40 минути.



## БАНАНИ ВО ФОЛИЈА

Потребно е (за 4 лица):
3 големи банани
путер
сок од половина лимун
2 лажици шеќер
2 лажици какао



Подготовка:
Излупете ги бананите, исечете ги на тркалца и ставете ги во поголема алуминиумска фолија. Растопете го путерот во еден сад, ставете го шеќерот и сокот од лимунот, па мешајте ги на оган, сè додека не се растопи шеќерот. Тргнете го сосот од оган, додајте го какаото, па полијте ги бананите. Затворете ја фолијата и ставете ја во рерна загреана на 200 степени да се пече околу 10 минути.

# МОЈАТА ДАРБА ОД ПРИРОДАТА

Во рамките на манифестацијата "Недела на Хрватите од Македонија", која минатата година се одржа во Загреб, преку творештвото на Мирко Гашпарец имавме пријатна можност да се запознаеме со македонското резбарство - копаничарство. Тоа беше повод за "Македонски глас" да направи разговор со овој еден од најпознатите, најнаградените и најплодните современи македонски резбари - копаничари.



***М.Г: Дали ова беше Вашето прво претставување пред хрватската културна јавност и Македонците кои живеат во Хрватска?***

**М. Гашпарец:** Во склопот на манифестацијата "Недела на Хрватите од Македонија" со дел од моето творештво за првпат се претставив пред хрватската културна јавност. Тоа за мене беше голем предизвик, обврска и желба. Имав два големи мотива за таа изложба: за прв пат изложував во Хрватска, односно во Загреб, што ми беше особено важно, и второ, што по многу години имав можност да престојувам во Хрватска. Според интересот на публиката за моите изложени резби, почуствував дека, за еден дел од неа, претставувам изненадување. Нереално очекував поголем интерес. Меѓутоа, мојата изложба беше еден дел во рамките на една голема манифестација. При тоа одредено влијание има техничкиот дел од изложбата, просторот, самото отварање, моето претставување во медиумите и краткиот период за самата организација. Но, можеби и јас сум виновен што до сега не се потрудив да се претставам во Хрватска, со моите резби да ѝсе приближам на хрватската јавност. Се надевам дека во иднина повторно ќе се сретнеме со моја самостојна изложба. Моето задоволство е толку поголемо, што за кратко време во Загреб запознав многу нови пријатели, а тоа понекогаш е поважно од сé друго.

***М.Г.: Зошто и како се определивте за овој вид уметност, која не е многу позната?***

**М. Гашпарец:** Се гордеам со своите преку 40 изложби во земјата и странство, 10 колонии за резба, со сите мои дела кои навистина долго ќе траат. Резбата е многу стара уметност, специфична и таинствена, која плени со својата убавина и топлина. Уште како гимназијалец резбата почна да ме привлекува, зачудува. Резбата е уметност која не може да се научи во образовниот систем. Од секогаш таа била семејно занимање, сите искуства и тајни се пренесувале од татко на син и љубоморно се чувале. На почетокот правев мали фигури, истражував литература, посетував многу цркви и манастири, каде резбата е најзастапената (иконостаси и мебел). Се чудев како е можно тоа да се направи од дрво. Мојата упорност и занесеност со резбата ме доведе до најпознатите охридски резбари: Димитар Јанков, Цветан Николовски, Усни Доко, Стефан Грозданоски и Љубен Џамбаз, кои ми открија некои свои мали тајни. Сите тие имаат свои специфични идеи, стил и техника на резба, а јас имав можност да одберам тоа што _ одговара на мојата индивидуалност.

***М.Г.: Вашите иконостаси се посебност и по нив сте најпознати. Како тие настанаа и каде можат да се видат ?***

**М.Гашпарец:** Резбата е традиционална уметност која е тесно поврзана со религијата и црквата. Иконостасот е голем, сложен и креативен украс. За секој мајстор - резбар или тајфа - група резбари, желба е и предизвик да се работи на таков проект. За секој резбар изработка на иконостас е врв во неговата уметност. Јас ја имав таа среќа да изработам шест иконостаси. И сега кога ги спомнувам, на момент го чуствувам секој дел од нив. Тоа се иконостасите во црквите Св. Спас во с. Добрушево, Св. Петка во с. Цапари, постаменти на икони во Соборната католичка црква во Охрид, Св. Ѓорѓија и Св. Никола во Сиднеј и најпознатиот во црквата Св. Петка во Рокдаел - Сиднеј, Австралија.

***М.Г.: Познато е дека Вашата уметност, покрај традиционалното изразување, има и нагласена индивидуална творечка карактеристика.***

**М. Гашпарец:** Елементите во мојата резбарска дејност се традиционални. Тоа се винова лоза, птици, цветови и барокни елементи. Моите цртежи за резбите се специфични во зависност за каков тип резба се работи. Ја изразувам идејата, композицијата, симетријата - да има приказна. Во секое дело поставувам и некој елемент кој другите мајстори не го употребуваат (бисери, лавовски глави, круни, преплети...). Тоа моите дела ги прави различни, препознатливи и поинтересни.

***М.Г.: Каде се поставени Вашите дела?***

**М. Гашпарац:** Моите специфични резбарски дела се многу склуптури, резбани елементи и трофејно оружје, стилски резбан мебел, рамки за огледала и многу други големи и мали формати. Моите дела се наоѓаат во кабинетот на претседателот на Р. Македонија, во многу министерства, амбасадите на Франција, Русија, Грција и ширум во светот кај многу државници, дипломати и уметници. Посебно би ја истакнал фигурата - резбата за наградата Милтон Манаки за Филмскиот фестивал за камера во Битола.

***М.Г.: Од каде е Вашето хрватско потекло и дарбата за изразување со копаничарство?***

**М.Гашпарец:** Моето потекло е хрватско. Татко ми Бранко е Хрват, роден во Тополовац, кај Бјеловар. Во 1953 година претстојувал во Битола и тука ја запознава и стапува во брак со мојата мајка Видосава. Роден сум 1955 година во Битола. Тука живеам и работам, но со Хрватска сум тесно поврзан бидејќи мојата баба Слава сé уште живее таму. Но, ако зборувам искрено, мојата дарба за резбарство потекнува од мојата природа, поднебјето и околната резбарска уметност која ме возбудува. Самиот начин, алатот, ореовото дрво и звукот при работата, а посебно изработеното дело, мислам дека засекогаш ќе бидат дел од мене.

Марко Паризоски

Денови на македонскиот театар во Загреб

# ПОВЕЌЕ ОД УСПЕШЕН НАСТАП ВО ГАВЕЛА

Македонските драмски уметници, членови на Драмскиот театар од Скопје, во популарниот театар на Франкопанска, улица се претставија со: "Диво месо" на Горан Стефановски, во режија на Александар Поповски, "Кандит во земјата на чудата" на Венко Андоновски, во режија на Сашо Миленковски и со Молиеровиот "Дон Жуан", што го потпишува Александар Поповски.





Од 1 до 3 март годинава Драмскиот театар од Скопје гостуваше во Градскиот драмски театар "Гавела" во Загреб. Манифестацијата, која всушност е возвратна посета на загрепскиот театар во Скопје, беше насловена како своевидни Денови на македонскиот тетар во Загреб.

Македонските драмски уметници, во популарниот театар на Франкопанска улица, се претставија со: "Диво месо" на Горан Стефановски, во режија на Александар Поповски, "Кандит во земјата на чудата" на Венко Андоновски, во режија на Сашо Миленковски и со Молиеровиот "Дон Жуан", што го потпишува Александар Поповски.

За претставите на Драмскиот театар деновиве информираа сите загрепски медиуми, што е добар предзнак дека оваа манифестација, од новинарите наречена како прилика да се запознае новата продукција на секогаш живиот пулсиран македонски театар, ги привлече сите оние што се вљубеници во божицата Талија.

Беше вистинско задоволство во трите дена да се види преполната сала на Драмскиот театар "Гавела" во Загреб, при што во преполниот салон можеа да се видат најдобрите актери на Хрватска, но и високи функционери на актуелната хрватска власт, како и многу Македонци. Сите тие, во еден здив ги проследија претставите и долго, долго, долго аплаудираа на отворената сцена.

Оваа соработка меѓу драмските уметници од Карпош и загрепскиот драмски театар "Гавела", трае околу 20 години, но дури сега, по сите превирања што се случија на овие наши балкански простори, повторно се обновени, со надеж и од едната и од другата страна, дека ќе станат традиционални.

Еве што за оваа посета на Драмски во Загреб, ни изјави неговата директорка, Силвија Стојановска:

- Гостувањето на Драмски театар од Скопје во театарот „Гавела" во Загреб произлезе од нивното гостување во Скопје. Загрепчани имаа одличен прием кај нас, како од публиката, така и од нашето, веќе познато насекаде, гостопримство. Така, тие со големо нетрпение нè чекаа да ја возвратиме посетата во Загреб. Почетоците на оваа соработка датираат пред една година, иако „Гавела" и Драмскиот театар години наназад имаат успешна соработка, затоа што е таа природна соработка на две институции, слични и како театри и како куќи. На крајот само би спомената дека најголемиот дел од трошоците - патните, покриени ни се од градоначалникот на Скопје, г. Трифун Костовски и тоа се лично негови пари, а не од буџетот на Градот Скопје, затоа што тој секогаш се покажува како поддржувач на културата и спортот во Македонија.

Во тој контекст, градоначалникот на Град Скопје, г. Костовски, кој по средбата со градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, присуствуваше на една од претставите во „Гавела", ни изјави:

- Големо ми е задоволство што вечерва во „Гавела" ја видов преполната сала. Затоа, секогаш кога ќе имам прилика ќе ги потпомагам сите квалитетни уметници и спортисти на Македонија за нивен уште поголем настапа вон границите на нашата татковина.

Молиреовиот Дон Жуан на Драмски театар од Скопје, по успешниот настап во Загреб, утредента беше прикажан на сцената на „Ателие 212" во Белград, со што всушност заврши оваа мини турнеаја на македонските драмски уметници.

М. Апостоловска - Вујаклија



Скопскиот Драмски театар во загрепската Гавела